МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН | INTERNATIONAL SLAVIC UNIVERSITY GAVRILO ROMANOVICH DERZHAVIN | МЕЖДУНАРОДНЫЙ СЛАВЯНСКИЙ УНИВЕРСИТЕТ ГАВРИЛА РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ПО ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

СТИЛОВИТЕ НА РОДИТЕЛСТВО И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ САМОДОВЕРБАТА НА ДЕЦАТА НА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: **ИВАНА КМЕТОВСКА**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **M193015**
МЕНТОР: **ДОЦ. Д-Р СЛАЃАНА АНЃЕЛКОСКА**

Свети Николе, 2021

АПСТРАКТ

Родителството е значаен процес за родителите, а посебно за децата. Постојат четири родителски стилови: авторитарен, авторитативен, пермисивен и занемарувачки. Секој родителски стил носи бенефити и последици по растот и развојот на детето и по неговото психофизичко здравје.

Целта на ова истражување е да се испита поврзаноста на родителските стилови и самодовербата на децата на училишна возраст. Резултатите покажаа дека постои значајна корелација помеѓу авторитативниот и занемарувачкиот родителски стил со самодовербата кај децата. Авторитативниот стил ја зацврстува самодовербата кај децата, а занемарувачкиот ја намалува. Не беше потврдена корелација помеѓу авторитативниот и попустливиот родителски стил и самодовербата кај децата.

Клучни зборови: родителски стилови, самодоверба, училишна возраст, родители;

ABSTRACT

PARENTING IS AN IMPORTANT PROCESS FOR PARENTS, ESPECIALLY FOR CHILDREN. THERE ARE FOUR DIFFERENT PARENTING STYLES: AUTHORITARIAN, AUTHORITATIVE, PERMISSIVE, AND NEGLECTFUL. EACH AND EVERY PARENTING STYLE HAS AN IMPACT ON CHILDRENS' DEVELOPMENT OUTCOMES, AS WELL AS THEIR PSYCHOLOGICAL AND PHYSICAL WELL-BEING. THE PURPOSE OF THE STUDY IS TO EXAMINE THE CORRELATION BETWEEN PARENTING STYLES AND THE CHILDRENS' SELF ESTEEM. THE RESULTS SHOWED A STATISTICALLY SIGNIFICANT CORRELATION BETWEEN THE AUTHORITATIVE PARENTING STYLE AND THE CHILDRENS' SELF-ESTEEM, AS WELL AS CORRELATION BETWEEN NEGLECTING PARENTING STYLE AND CHILDRENS' SELF-ESTEEM. CHILDREN WITH AUTHORITATIVE PARENTS SCORED HIGHER ON THE SELF-ESTEEM SCALE, WHILE CHILDREN WITH NEGLECTFUL PARENTS REPORTED LOWER SELF-ESTEEM. THE STUDY SHOWED NO STATISTICALLY SIGNIFICANT CORRELATION BETWEEN AUTHORITATIVE PARENTING STYLE AND CHILDRENS' SELF-ESTEEM. THE RESULTS ALSO SHOWED NO CORRELATION BETWEEN PERMISSIVE PARENTING STYLE AND CHILDRENS' SELF-ESTEEM.

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ 2

Клучни зборови..... **Error! Bookmark not defined.**

ABSTRACT ..... **Error! Bookmark not defined.**

ВОВЕД.....4

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ.....5

1 Родителски стилови.....5

1.1 Развој на родителските улоги од минатото до денес.....14

1.2 Развој на децата на училишна возраст (6-14 години).....18

1.2.1 Ериксон - Психосоцијален развој на децата.....21

1.2.2 Пијаже - Когнитивен развој.....23

1.3 Теорија на емоционална приврзаност - Џон Балби.....26

1.3.1 Емоционална приврзаност со родителите во периодот средно детство....29

1.3.2 Бенефити и последици од емоционалната приврзаност помеѓу децата и родителите.....34

1.4 Самодоверба.....37

1.4.1 Дефинирање на самодовербата.....44

1.4.2 Невролошка основа на самодовербата.....47

1.4.3 Влијанието на самодовербата врз менталното и физичкото здравје 49

1.5 Релевантни истражувања.....58

II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....61

2. Предмет на истражувањето.....62

2.1 Цели и карактер на истражувањето.....62
2.2 Испитаници.....63
2.3 Хипотези.....63
2.4 Варијабли.....64
2.5 Методи, техники и инструменти.....64
2.6 Организација и спроведување на истражувањето.....66
2.7 Статистичка обработка на податоците.....66
III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....75
3. Дискусија.....75
ЗАКЛУЧОК.....77
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ..... **Error! Bookmark not defined.**78
ПРИЛОЗИ.....93

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Пример за индуктивно размислување на дете кое се наоѓа во „конкретно-оперативна“ (concrete-operational) фаза.....26
Слика 2: Фази на когнитивен развој на децата според Пијаже.....27
Слика 3: Илустрација на Масловата хиерархија на човекови потреби..... 40
Слика 4: Лимбичен систем. Илустрација на човечки мозок. Хипокампус, таламус, базална ганглија, хипоталамус, амигдала.....49

Слика 5: Bobo doll - експеримент.....55

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Приказ на родителски стилови.....15
Табела 2: Пол на испитаниците.....67

Табела 3: Возраст на испитаниците.....68

Табела 4: Дескриптивна статистика (пол и возраст).....69

Табела 5: Поврзаност помеѓу родителските стилови и самодовербата кај децата....70

Табела 6: Авторитативниот стил на однесување на родителите и самодовербата кај децата од женски пол.....71

Табела 7: Самодоверба кај децата со примена на авторитативен на родителство.....72

Табела 8: Самодоверба кај децата со примена на пермисивен стил на родителство..72

Табела 9 Ниво на самодоверба кај децата со занемарувачки стил на воспитување на родителите.....73

Табела 10 Авторитативен стил на родителство на мајката и таткото.....74

ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

Графикон 1: Пол на испитаниците.....67

Графикон 2: Возраст на испитаниците.....68

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог А: VS - Скала на родителски стилови.....93
Прилог Б: Розенбергова скала на самодоверба.....95

ВОВЕД

Откако една личност ќе се оствари како родител, негова најголема, а воедно и најтешка обврска е да му помогне на своето дете да биде среќно и успешно да се прилагоди во средината во којашто се наоѓа. Но, не сите родители се поднакво успешни во таа задача. Со оглед на тоа, никој не може да биде комплетно сигурен кој начин на воспитување ќе придонесе за реализација на родителските цели. Па така, проблемот можеме да го гледаме од перспектива на видовите на родителски стилови и како тие придонесуваат за самодовербата на детето и неговата слика за себеси. Родителски стилови се различните пристапи, односно стратегии кои родителите ги користат во процесот на воспитување на своите деца. Родителите се користат со овие стилови за да ги контролираат и социјализираат децата, односно да ги образуваат и да им даваат насоки и инструкции, потребни за адаптација во околината (Lightfoot, Cole & Cole, 2009).

Постојат четири вида на родителски стилови, и тоа: авторитарен, авторитативен, пермисивен и занемарувачки. Главните карактеристики според кои психолозите ги обележуваат овие видови на родителски стилови се во врска со тоа колку родителите се строги спрема своите деца, односно колку им задаваат правила и норми на однесување, и колку родителите се одзиваат на потребите на своите деца (Bornstein & Bornstein, 2007). Според тоа, авторитарниот родителски стил е дефиниран како стил каде родителите поставуваат високи норми и правила, меѓутоа не покажуваат висок степен на одзив и емоционална топлина спрема децата и нивните потреби (Bornstein & Bornstein, 2007). Авторитативниот родителски стил е уште наречен и флексибилен стил, затоа што овие родители покрај тоа што очекуваат строго почитување на правилата кои ги поставуваат, тие, за разлика од авторитарните родители, се одзиваат на потребите на своето дете и се емотивно достапни за своето дете (Bornstein & Bornstein, 2007). Пермисивните родители се карактеризираат со голем одзив према потребите на своите деца, но не им поставуваат јасни и строги граници и правила на однесување (Bornstein & Bornstein, 2007). Родителите кои спаѓаат во групата на занемарувачки стил, се карактеризираат со слаба заинтересираност и инволвираност во воспитувањето на своите деца. Секој од наведените стилови има големо влијание врз животот и развојот на децата, а последователно на тоа, игра голема улога и во формирањето на нивната самодоверба и слика за себеси.

I ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. Родителски стилови

Поголем дел од популацијата во одреден период од својот живот ќе се оствари како родител. Слично на стареењето, раѓањето и умирањето, така и родителството е природна, биолошка функција на човекот. Зборот „родителство“ потекнува од латинскиот збор „parere“ што во превод значи „да се роди или произведе“ (Hussain et all, 2020). Да се биде родител е клучно за продолжување на човечкиот род. Улогата на родител започнува со самото зачнување на нов живот. Исто така, според законските легислативи на модерното време, родител може да биде и личност која не е биолошки поврзана со детето. Па така, додека во минатото родител била личноста која е во сродство со детето, денес родител или старател може да биде секоја полнолетна личност која ќе биде одговорна за правата и добробитта на детето (Bjornberg, 1992). Улогата на родителот во растење на детето е комплексна и тешка. Во овој процес, родителите секојдневно се соочуваат со различни предизвици. Според Van der Pas, родителите треба секојдневно да одлучуваат колку и кои стратегии треба да ги употребат во однос на задоволување на потребите на детето, и како ќе го направат тоа (Van der Pas, 2003). Главната цел на родителот е да го води детето до негово осамостојување и зрелост, користејќи ги сите поволности кои ги нуди околината и општеството (Heath, 2006). Родителите треба да бидат одговорни личности, да бидат психички и физички присутни и достапни за своите деца, и да бидат активно вклучени во родителскиот процес (Heath, 2006). Важни карактеристики кои треба да ги поседува една личност, остварена како родител, е способноста да набљудува, да надгледува, да поседува комуникативни вештини и да следи. Исто така, важно е родителот да умее да ги моделира посакуваните однесувања, да подучува, да планира и да знае да изгради и задржи врска со детето (Heath, 2006). Сите овие вештини се групирани во шест категории, и тоа:

1. Негувател,
2. Заштитник,
3. Водич и учител,
4. Креатор,
5. Духовен модел,

6. Давател на безусловна љубов (Heath, 2006).

Од родителот се очекува да биде негувател, односно да може да ги задоволи основните физиолошки потреби на детето, како условите за преживување: храна, вода, облека, итн. Родителот е должен да биде заштитник на детето, односно да обезбеди услови за детето да се чувствува сигурно. Под водич и учител се подразбира задачата на родителот да му помогне на своето дете да се прилагоди во средината која го опкружува, односно да го научи детето како светот функционира. Родителот е претставен и како креатор, затоа што тој треба да ја креира најдобрата можна безбедна околина во која детето ќе се роди и ќе расне, од аспект на дом, легло, и останати потребни средства. Родителот е исто така должен да му го претстави и надматеријалното на своето дете, односно убавината која се наоѓа и надвор од материјалниот свет, а тоа е да го научи детето да биде благодарно и да ги цени убавините кои го опкружуваат (Heath, 2006). Исто така, родителот треба да биде бесконечен извор на безусловна љубов, поддршка и топлина за детето.

Родителите користат најразлични стратегии за да ги постигнат родителските цели. Тие стратегии се нарекуваат уште и родителски стилови. Родителскиот стил произлегува од основните родителски чувства, како прифаќање и љубов, или пак отфрлување и условена љубов (Piorkowska-Petrovic, 1990). Според Darling и Steinberg, родителски стил е односот на родителот спрема своето дете, каде родителот комуницира со своето дете, притоа не нарушувајќи го емоционалниот однос во врската (1993). Преку процесот на комуникација со своите деца, родителите се трудат да ги социјализираат своите деца, односно да ги научат како да ги почитуваат социјалните норми и правила, да се однесуваат така што нема да повредат или наштетат на други луѓе, да се развијат во зрели личности и одговорни граѓани на едно општество (Darling & Steinberg, 1993). Контролирајќи го однесувањето на децата, родителите им помагаат и во образовниот процес, им даваат инструкции и ги образуваат своите деца.

Поимот родителски стил за првпат бил воведен во литературата во 1971 година, од страна на Diana Baumrind (Darling & Steinberg, 1993). За да ги реши проблемите во односите помеѓу децата и родителите, своевремено, Baumrind спровела истражување, во

кое со помош на бројни интервјуа и набљудување, дошла до пронаоѓање на три родителски стила. Истражувањето се состоело од прашања наменети за родителите-испитаници во врска со нивните мислења и ставови за природата и развојот на децата, за нивното мислење во однос на тоа како тие сметаат дека е најдобро да ги социјализираат своите деца, што мислат за родителството како процес, итн. (Robinson et al., 1995). Таа првично ги претставила авторитарниот, авторитативниот и пермисивниот стил на родителство. Овие три типа на родителски стилови се засновале врз основа на две важни карактеристики, и тоа наредби и одзив на родителите. Под наредби ја подразбираме контролата, односно супервизијата на родителите врз децата, и нивните барања за строго почитување на правилата одредени од страна на родителите, додека под одзив на родителите ги подразбираме топлината, безусловното прифаќање на родителите и нивното ангажирање во родителскиот процес (Robinson et al., 1995).

Со пронаоѓање на родителските стилови, Baumrind ја поставила базата за понатамошни истражувања во оваа област. Па така, во 1983 Maccoby и Martin ги преиспитале трите родителски стила до кои дошла Baumrind, притоа користејќи ги истите две мерки за родителство, наредби и одзив на родителите. Според резултатите на нивното ново истражување, Maccoby и Martin ги потврдиле авторитарниот и авторитативниот стил, додека пермисивниот родителски стил го раздвоиле на два нови стила, и тоа: пермисивен и занемарувачки стил. Па така, настанал четворотипниот модел на родителски стилови, кој се користи и ден денес (Kuppens & Ceulemans, 2018). **Авторитарниот родителски стил** го користат родители кај кои мерката на наредби е висока, додека пак одзивот према своите деца е низок. Овие родители од своите деца бараат строго почитување на правилата кои тие ги поставуваат и имаат високо ниво на контрола врз однесувањето на своите деца. Овој вид на родителство е уште наречен и „црно или бело“ вид на родителство, затоа што овие родители очекуваат нивните деца да ги почитуваат нивните наредби без прашање, или ќе бидат казнети (Kuppens & Ceulemans, 2018). Овие родители се строги, ладни и емотивно дистанцирани. Тие имаат тенденција да им наредуваат на своите деца, а истовремено не се спремни да слушнат што имаат децата да им кажат ним. Комуникацијата е едностранa, најчесто родител - дете. На овој начин децата не се третирани како еднакви и нивните ставови и мислења не се земени предвид. Авторитарните родители бараат слепа послушност на правилата, а кога децата ќе побараат

појаснување зошто мораат да се однесуваат на одреден начин, одговорот од родителот гласи: „Затоа што јас така кажав“. Други зборови со кои авторитарните родители се обраќаат на своите деца се: „Веднаш“, „сега ќе направиме така..“, „треба да...“, „мораш да...“, „на овој начин ќе го направиш тоа и тоа...“, „мораш да се придржуваш до тоа..“, „твоите приоритети се...“, „треба да се почитуваат правилата... (Amel, 2008).“ Овој тип на родители обично не ја поддржуваат слободната дискусија, каде што на детето му е дозволено да ги искаже своите ставови, туку тоа мора да ги прифати ставовите на родителот како единствени точни (Iwundu, 2003). Дисциплинските мерки се насилни, апсолутни и казнени (Achi & Eremie, 2019). На овој начин, авторитарните родители ја заробуваат независноста на детето и детето е приморано да постапува според наредбите укажани од страна на родителот. Типичен пример за авторитарен родител е таканаречената „Tiger mom“. „Tiger mom“ најчесто се сретнува во кинеската култура. Станува збор за авторитарен тип на мајка, којашто е емотивно дистанцирана од своите деца, има големи академски очекувања од нив и им забранува на своите деца сами да си ги бираат вонучилишните активности (Sha Xie & Hui Li, 2017). Таа е строга мајка, која доминантно бара од своите деца да бидат дисциплинирани, да работат напорно и да постигнуваат големи успеси на полето на образованието. Таа поседува целосна контрола врз децата, става акцент повеќе на нивните обврски, отколку на нивните права. Таа својата љубов кон децата не ја изразува преку вербален пат, ниту преку прегратки и бакнежи до своите деца (Chua, 2011).

Во повеќето од случаите, родителите постапуваат на овој начин со своите деца затоа што мислат дека тоа е единствен начин да се стекнат со авторитет, или пак затоа што не сакаат децата да им досадуваат. Последиците од ваквиот вид на родителство се очигледни кај децата на авторитарните родители. Тие не се чувствуваат компетентни и имаат ниска самодоверба кога ќе се најдат во интеракција со своите врсници (Alic, 2008). Најчесто не покажуваат иницијатива за формирање на нови пријателства, туку се повлекуваат во себе (Achi & Eremie, 2019). Исто така, овие деца имаат чувство дека губат контрола врз себеси, односно дека за нивниот живот не одлучуваат тие, туку судбината. Овие деца обично не се проблематични, почитуваат правила и насоки, и имаат добри оценки на училиште. Меѓутоа, нивото на самодоверба кај овие деца е ниско. Тие не веруваат во своите академски, комуникативни или социјални вештини. Според Shaffer,

адолесцентите кои се воспитувани со авторитарен стил се плашливи, имаат честа промена на расположението, несреќни, лесно се дразнат и вознемируваат, пасивно агресивни, подложни на стрес, без цел, непријателски расположени спрема другите луѓе, често одбиваат да соработуваат, анксиозни со пропратно чувство дека нешто лошо ќе им се случи (Achi & Eremie, 2019).

Исто како и авторитарните, **авторитативните** родители котираат високо на скалата на наредби. Но, разликата помеѓу овие два вида на родителство е тоа што авторитативните родители имаат висок степен на одзив спрема потребите на своите деца (Achi & Eremie, 2019). Со други зборови, овој тип на родители им задаваат правила на децата кои треба да ги почитуваат, но исто така знаат да ги ислушаат проблемите и мислењата на децата и да ги земат предвид нивните ставови. Овие родители не се толку строги, отворени се за соработка со децата, им ги објаснуваат на децата причините и последиците од одредено однесување, со што избегнуваат големи казнувања како кај авторитарниот стил. Овие родители изразуваат емоционална достапност спрема децата, топлина и поддршка (Achi & Eremie, 2019). Имаат големи очекувања за своите деца, но истовремено им даваат потребен простор и автономност. Со тоа, овие родители искажуваат поголема толеранција и демократско решавање на проблемите. Ако во авторитарниот стил објаснувањето на родителите на тоа зошто децата треба да ги почитуваат нивните специфични правила е „затоа што тие така сметаат дека треба“, авторитативните родители им објаснуваат на децата која е целта која треба да ја остварат и зошто, односно го анализираат и рационализираат проблемот. Заеднички заклучуваат која е причината за специфичното однесување или правило, кои се посакуваните, односно непосакуваните последици кои можат да се случат (Achi & Eremie, 2019).

Овие родители дозволуваат обострана, двонасочна комуникација, родител - дете, но и дете - родител. Овој тип на родители секој проблем го гледаат како нова шанса да ја направат домашната атмосфера попријатна и похармонична и да ги зајакнат врските со своите деца. Тие акцент стават на „Ние“, наместо на „Ти“. Најчесто на децата им се обраќаат со следните фрази: „Можеме да го решиме тој проблем лесно и успешно, ако...“, „Како можам да ти помогнам?“, „Ајде да ги засукаме ракавите и да...“, „Можеме тоа да го направиме..“, „Со оглед на тоа што тоа е наша заедничка цел, можеме...“ (Alic, 2008).

Значи, родителите се одзиваат на потребите на своите деца и нивните погледи на светот кој ги опкружува, ги вклучуваат во решавање на семејните проблеми доколку тие се соодветни на нивната возраст, дадена им е можност да бираат и да бидат одговорни, во согласност со нивната возраст. Една од позитивните страни на овој родителски стил е тоа што децата родени со родители кои им дозволуваат независност и изјаснување на сопствените ставови, учат да си ги почитуваат своите мислења, да рационализираат, а со тоа и да комуницираат слободно со луѓето од нивната околина (Achi & Eremie, 2019). Со ова се подига самодовербата кај детето, и тоа се чувствува социјално компетентно, верува во своите интелектуални способности и успех во училиште. Детето на овие родители се чувствува независно, сигурно при носење на одлуки, и одговорно. Тоа нема да наметнува свои мислења на другите луѓе, напротив ќе биде спремно за соработка со другите луѓе и заедно со нив ќе ги анализира и рационализира проблемите и нивните последици. Овие деца се чувствуваат компетентни и лесно се прилагодуваат во нова средина (Alic, 2018).

Пермисивниот тип на родителство се одликува со висок одзив спрема децата, но низок степен на задавање наредби и контрола на однесувањето на децата. Вообичаено овие родители не поминуваат многу време со своите деца, воспитувајќи ги и дисциплинирајќи ги. Напротив, овие родители не им поставуваат јасни граници на однесување и насоки за почитување на правилата. На децата на пермисивните родители им е дозволено да постапуваат спротивно од барањата на родителите и го прават она што сакаат или она што ќе им падне на памет (Achi & Eremie, 2019). Овој тип на родители најчесто избегнува да се постави како авторитетна личност во животот на детето, па затоа ја избегнуваат одговорноста да ги контролираат своите деца. Најверојатно, коренот на ова однесување од страна на родителите лежи во тоа што тие не чувствуваат дека ги задоволуваат потребите на своите деца во посакуваната мера. Друга причина може да биде и самоцентричноста на родителите (Achi & Eremie, 2019). Некои родители сметаат дека треба да бидат пасивни набљудувачи на однесувањето на своите деца, затоа што доколку преземат контрола врз нив, тоа би го прекршило правото на детето во својата слобода и независност и дека би го попречило детскиот развој. Па така, овие родители се гледаат себеси како ресурси кои детето може да ги користи доколку сака (Achi & Eremie, 2019).

Меѓу другото, овие родители се емотивно топли, комуникативни и ги прифаќаат ставовите и однесувањата на децата без никаков приговор (Achi & Eremie, 2019). Тие имаат висок праг на толеранција спрема нивните деца, па така не реагираат на нивното импулсивно несоодветно однесување на негативен начин, кое исто така обично се коси со општествените норми и правила. Пермисивните родители многу ретко искажуваат лутина и скоро и не знаат да покажат нетрпение или дека одредено однесување од децата ги иритира. Според Shaffer, децата на овој тип на родители се карактеризираат со импулсивност, арогантност, агресивност и тешко прифаќаат авторитетни личности, контрола и правила (Achi & Eremie, 2019). Исто така, тешко менаџираат со самоконтролата, не можат успешно да се потпрат на себеси и сакаат да доминираат во контактите со другите луѓе. Најчесто немаат некоја посебна цел во животот, па така не се заинтересирани за големи животни достигнувања (Achi & Eremie, 2019). Пермисивниот тип на родителство лесно може да премине во занемарувачки стил.

Занемарувачкиот стил на родителство се карактеризира со ниско ниво на контрола врз децата, односно ниско ниво на давање наредби и ниско ниво на одзив на родителите кон потребите на своите деца (Kuppens & Ceulemans, 2018). Овој тип на родители, како што гласи и називот, ги занемаруваат своите деца и не се инволвирани во нивниот живот, на начин којшто доликува на еден родител. Занемарувачките родители не покажуваат голем интерес за животите на своите деца, активностите во кои тие се вклучени, како училиштето, спорт, во какво друштво се наоѓаат и слично. Исто како и авторитарните, овие родители се ладни, дистанцирани и емоционално недостапни за своите деца. Ретко кога им нудат поддршка на своите деца, родителско насочување и грижа. Постојат повеќе причини зошто овие родители одбиваат да ја прифатат улогата на родител (Alic, 2008). Една од нив е желбата на родителите да си угодат само себеси и да ги задоволат исклучиво своите потреби. Тие се преокупирани во остварување на своите желби, па така ги игнорираат потребите на нивните деца. Овој тип на родители неретко према своите деца се поставуваат како тие да им се пријатели, а не деца. Понекогаш овие родители ги задоволуваат потребите на децата во материјална смисла, меѓутоа тешко воспоставуваат здрава емоционална врска. Децата не можат да се потпрат на занемарувачките родители, па најчесто помалите деца родителот го бараат во најстарото дете, и на моменти тоа ги презема должностите кон своите помали брат или сестра. Во

овие случаи, најстарите деца мораат „предвреме да пораснат“ и да ја играат улогата на родител. Исто така, занемарувачките родители одговорноста за сопственото дете најчесто ја префрлаат и на наставниците и учителите во училиштата. Кога училиштето ќе проба да стапи во контакт со занемарувачкиот родител, тој најчесто ги игнорира повиците (Achi & Eremie, 2019).

Овој вид на родителство најчесто остава негативни последици по растот и развојот на детето и неговото ментално и емоционално здравје, а може да остави траги дури и во возрасното доба, кога детето ќе се оформи како самостојна и зрела личност. Исто така, овој вид на воспоставување врска со детето може да го отежни процесот на создавање здрави емотивни врски на детето подоцна во животот со други значајни луѓе. Уште од мали нозе, овие деца се научени љубовта која не ја нашле во своите родители, да ја бараат надвор од семејниот круг. Па така, во пубертетот и раната адолесценција овие деца фамилијарниот амбиент го бараат вклучувајќи се во разни банди, па така стануваат деликвенти и прекршувачи на законот. Бесот и незадоволството од родителите најчесто се манифестираат преку девијантното однесување, кое пак има големи шанси да премине во криминал, занемарување на училиштето, употреба на алкохол и опојни средства, ризични сексуални активности, итн. (Achie & Eremie, 2019).

Секој од наведените родителски стилови има специфично влијание врз децата, како и последици по нивниот раст и равој. Според едно истражување, спроведено во 2018 година од страна на Kuppens и Ceulemans, авторитативните родители, за разлика од сите останати, најпозитивно влијаеле врз растот и развојот на децата (Kuppens & Ceulemans, 2018). Родителите кои користат авторитарен и пермисивен тип на родителство имале негативни последици по развојот на децата, додека родителите кои ги занемарувале своите деца, односно користеле занемарувачки тип на родителство, имале деца со најнизок квалитет на развој (Kuppens & Ceulemans, 2018). И други истражувања ги изнеле своите резултати во однос на последиците од користењето на одреден тип на родителски стил. Steinberg и колегите со резултатите од своето истражување потврдиле дека авторитативните родители позитивно влијаат врз своите деца, на нивните психосоцијални вештини, како созревањето, можноста да се потпрат на себеси и да бидат самостојни и социјално-компетентни, самоуверени, отпорни и вешти при справувањето со проблеми

(Steinberg et al., 1992). Авторитативните родители имале деца кои покажувале поголем успех на училиште, за разлика од родителите кои користеле неавторитарни стилови (Steinberg et al., 1992). Резултатите од истражувањата во однос на авторитарните родители и нивното влијание врз развојот на своите деца покажале негативна корелација помеѓу двете варијабли. Овие деца биле агресивни, покажувале деликвентно поведение, анксиозност, деперсонализација и проблеми со физичкото здравје (Williams et al., 2009). Како и да е, овие резултати најчесто важат за децата кои се родени и растени во западна култура. Во некои земји со источна култура, како на пример во Кина, родителите кои користат авторитарен стил на родителство имаат деца кои имаат високи достигнувања на образовен план, имаат поголема посветеност на своите обврски и поголема дисциплина и почитување на наредбите од нивните родители (Achie & Eremie, 2019). Како и да е, децата кои имале занемарувачки родители имале лоши последици во повеќе сфери од својот развој. Тие имале проблем со самоконтролата, односно со контрола на своите емоции и однесување, со што покажувале неадекватно однесување и неодговорност кон своите обврски, неможност за осамостојување и независност, антисоцијално однесување и деликвенција (Hoeve et al., 2008). Во врска со влијанието на пермисивните родители врз своите деца, не постоела доследност во резултатите.

Табела 1: Приказ на родителски стилови

Родителски стил	**Однесување на децата**
Авторитарен	Конфликтно, иритирачко, несреќно, нестабилно. Овие деца се потиштени, нерасположени, повремено несреќни, лесно покажуваат досада и непријателство, се однесуваат бесцелно и непријатно за околината.
Авторитативен	Самоуверено, радосно, има свои цели и желба за постигнување на успех. Растот и развојот на овие деца е без некои поголеми

	проблеми. Тие се весели, пријателски настроени, одговорни, расположени да си го надоградуваат своето знаење, соработуваат со другите деца и со возрасните.
Пермисивен	Импулсивно, бунтовно, има послаб успех и достигнувања. Овие деца неретко покажуваат агресија (посебно момчињата), се однесуваат шефовски, сакаат секогаш да бидат во центар на внимание, во наставата покажуваат дефицит на внимание, несамостојни се, не се многу успешни во извршување на задачите и имаат потешкотии со самоконтрола.

1.1 Развој на родителските улоги од минатото до денес

Најстарите сознанија за родителските стилови и улогата на родителите во процесот на родителство датираат од почетокот на минатиот век (Bjornberg, 1992). Во тој период, родителските улоги и задачи биле ригидно точно определени и биле поврзани со полот на родителот. Постоеле евидентни разлики помеѓу обврските на таткото и обврските на мајката во бракот и во заедницата. Главната семејна идеологија била патријархатот, каде што таткото се сметал за глава на семејството. Татковството најчесто било поврзувано со машкост, авторитарност, агресивност, дистанцираност, и неемотивност. Таткото за децата претставувал строга, авторитарна фигура, која децата ги учела на почит, морални норми и принципи. Како доминантна фигура на семејството, таткото го претставувал целото семејство и тој ги носел сите одлуки за себе и за останатите членови од семејството. Со тоа, децата биле учени на зависност од својот татко. Најчесто од таткото се очекувало да

биде тој што ги дисциплинира децата. Од синовите во семејството се очекувало да го продолжат семејниот бизнис. Таткото ги учел синовите да ја совладаат неговата професија, при што синовите немале право на сопствен избор. Од ќерките се очекувало да знаат да готват, перат, чистат, за да еден ден станат послушни сопруги и мајки. Функцијата на мајката била да седи дома, да ги чува децата и да ги извршува куќните обврски, а задолжение на таткото било да заработува, да го снабдува семејството со потребните намирници за храна и останато. Таткото имал функција да биде заштитник на семејството. Главната функција на мајката била да биде дома и да биде достапна за членовите во семејството во секое време. Таа била подредена на мажот и финансиски зависна од него. Жената најчесто немала право да носи одлуки во семејството, бидејќи тоа го правел мажот. Освен вршење на домашните обврски, таа се грижела за децата и била нивни единствен извор на топлина, љубов и блискост (Bjornberg, 1992).

После Втората светска војна, како во светот така и во Европа, се случиле бројни општествени и социјални промени (Bjornberg, 1992). Со урбанизацијата и индустријализацијата на општествата, се зголемиле цените и потребите на семејствата. Па така, повеќето семејства не можеле да си дозволат удобен живот само со платата на таткото. Од овој момент, законите во општествата почнале да се менуваат. Па така, додека со законите не им било дозволувано на жените да работат надвор од дома, тие сега се стекнале со право да бидат вработени и да заработуваат плата. Исто така, клучно за промената во однос на семејствата и улогите на родителите било и правото на жените да се едуцираат во училиштата. Сè повеќе жени се образувале и граделе професионална кариера. Ова го зачнало почетокот на менување на семејствата од традиционални и авторитарни, во така наречени модерни семејства. Од поделба на улогите во однос на воспитување на децата, каде што мајката се грижела за децата, а таткото работел за да ги задоволи финансиските потреби на семејството, сега родителите почнале да ги споделуваат своите обврски, односно заеднички да се грижат за децата и за семејството. Татковството почнало да се изедначува со мајчинството, а татковците станувале сè поблиски со своите деца. Од емоционално дистанцирани татковци на почетокот на минатиот век, татковците почнале да стануваат сè повклучени во животите на своите деца, како што тоа го правеле мајките. Татковците почнале да ги делат обврските околу децата и куќата со мајките и биле многу повеќе вклучени во родителството. Татковците почнале

да си играат со децата, да учествуваат во спортски активности со нив, им помагале во училишните обврски итн. Преку цел овој процес на промени, доаѓаме до денешните модерни семејства, каде што и мајките и татковците се стремат кон градење на професионални кариери и образование. Па така, денешните семејства се карактеризираат со индивидуалност и независност. И мајките и татковците се активно вклучени во процесот на воспитување на своите деца. Во денешното модерно време, постојат сè повеќе татковци кои се емотивно блиски со своите деца и активно вклучени во нивниот живот. Исто така, додека родителите порано биле единствените кои се грижеле за децата, денес во градењето на децата како зрели личности се вклучени и различни институции, како на пример, училиштата, тренери, професори, едукатори од различни области итн. (Bjornberg, 1992).

Иако во денешното општество улогите на родителите се еднакви, сепак има родители кои избираат да ги користат традиционалните методи на воспитување на своите мајка и татко (Bjornberg, 1992). Според одредени истражувања, изборот на родителски стило зависи и од социјалната класа и образованието на родителите. Најчесто, барањата на родителите од пониската класа кон своите деца се строга послушност и адаптација на условите зададени од страна на родителите, односно авторитативност. Родителите кои спаѓаат во повисока општествена класа сакаат нивните деца да бидат независни, креативни и самостојни. Модерниот начин на спроведување на родителските улоги е позастапен кај лицата кои имаат високо образование, додека традиционалниот начин на функционирање го прифаќаат и користат лицата кои имаат пониско образование (Bjornberg, 1992).

Разликите во полот, кога станува збор за родителството, се пренесувани од генерација на генерација. Преку процесот на социјализација, машките и женските го учат соодветното однесување за нивниот пол (Garcia & T. de Guzman, 2017). Според теоријата на улоги, од мажите и жените се очекува да се однесуваат различно, па со тоа тие стекнуваат различни улоги. Како последица, настануваат и разлики подоцна кога тие ќе се остварат како родители. Од жените се очекува да се грижат за семејството, па така девојчињата уште во раното детство се учат да бидат љубезни, емотивни и топли. Од друга страна пак, улогата на таткото е да биде финансиски столб на семејството и да ги

дисциплинира децата. Машките деца се учат да бидат сериозни и строги и дека покажувањето на сензитивност и топлина се знаци на слабост. Како последица на тоа, татковците не се подеднакво вклучени во процесот на одгледување на децата. Од татковците се очекува да бидат повеќе контролирачки настроени спрема децата, додека улогата на мајката се карактеризира со грижливост и негувателност. Па така, според различните улоги кои мајките и татковците ги имаат во семејството, од нив се очекува и да користат различен родителски стил. Клучно е да се спомене дека употребата на родителски стил не зависи исклучиво од полот, туку зависи и од други фактори надвор од семејниот круг. Иако постојат родители кои користат ист родителски стил, сепак одредени истражувања докажале дека постои разлика помеѓу мајките и татковците во користењето на родителскиот стил. Според истражување спроведено во Австралија, мајките за разлика од татковците повеќе се користеле со авторитативен и пермисивен стил на родителство. Резултатите од едно истражување, спроведено кај мајките и татковците во Сингапур, покажале дека мајките и татковците се однесуваат повеќе авторитативно отколку авторитарно кон своите деца, но сепак мајките биле пред татковците кога се мерело само нивото на авторитарност на родителите. Истражување, спроведено во САД врз популација која се содржела главно од адолесценти од бела раса, покажало дека, во споредба со татковците, мајките биле значително повеќе авторитататативни и пермисивни. Американските татковци со европско потекло пак, се покажало дека се попермисивни за разлика од мајките. Исто така, бил забележан и случај на авторитартивен татко и занемарувачки тип на мајка (Garcia & T. de Guzman, 2017). Овие истражувања не се конечни во однос на полот на родителот и изборот на родителски стил. Како и да е, од досегашните резултати може да се увиди дека постои разлика помеѓу мајките и татковците во однос на тоа кој стил на родителство го користат најмногу (Garcia & T. de Guzman, 2017).

Родителите меѓусебно можат да си влијаат кога станува збор за користењето на одреден родителски стил. Мајките можат да имаат влијание врз стилот на родителство кој го употребува таткото, исто колку што и родителскиот стил на таткото може да влијае врз стилот на мајката (Garcia & T. de Guzman, 2017). На пример, доколку еден родител користи родителски стил кој не е соодветен и има негативни последици по децата, тогаш другиот родител најчесто користи подобар родителски стил за да ги намали тие негативни

последици. Според едно истражување, бенефитите кои ги има авторитативниот родителски стил за детскиот раст и развој може да ги балансира штетните ефекти на другите родителски стилови, посебно кога мајката е таа која е авторитативна. Резултатите од истото истражување покажале дека спротивното не постои, односно дека татко кој е авторитативен не може да ги потисне негативните последици кои се јавуваат како последица на родителството на занемарувачки тип на мајка. Исто така, постојат и семејства каде што родителите можат да користат ист родителски стил. Според теоријата на избирање на партнер од еволуциска перспектива, луѓето имаат предиспозиции да стапат во заедница со личност која е слична како нив. На пример, лежерен и попуслив тип на жена многу веројатно ќе привлече лежерен и попуслив тип на маж, па така тоа би завршило во брак во кој и двајцата родители ќе поседуваат попуслив тип на родителство. Во случај родителите да имаат различен родителски стил, поради фактот што нивните начини на воспитување на децата се во меѓусебна непрекинлива интеракција, со помош на процесот на социјализација тие со тек на времето ќе почнат да користат сличен стил на родителство. Истражувањата покажале дека доследноста во користење на сличен родителски стил на мајката и на таткото носи многу бенефити за децата. Но, ова е случај само доколку двајцата родители користат авторитативен стил на родителство. Комбинација на авторитарни или занемарувачки родители не е во никаква корист за децата, напротив има штетно влијание по растот и развојот на децата (Garcia & T. de Guzman, 2017).

1.2 Развој на децата на училишна возраст (6-14 години)

Децата на училишна возраст поминуваат низ два развојни периоди: средно детство (6-10 години) и рана адолесценција (11-14 години) (Eccles, 1999). Во овие два круцијални периоди од развојот на личноста, тие се подложни на низа когнитивни и биолошки промени. Целта на овие два развојни периода е спремање на децата за возрасното доба, односно нивно осамостојување, развивање на самосвесноста и компетентноста. Во овој период тие го запознаваат светот надвор од своето семејство, а посебно своите врсници. Училишните активности, различните програми, спортски клубови, танци, курсеви, играат

важна улога во отварањето на видиците на децата. Оформувајќи врски со своите наставници, врсници и останатите лица вклучени во активниот развој на децата, тие учат да се адаптираат во светот кој ги опкружува, ги учат основните вештини на функционирање, ги исполнуваат или се спротивставуваат на очекувањата на другите, се споредуваат со своите врсници и развиваат специфични реакции спрема предизвиците и можностите за учење. Во овој период, децата формираат свој личен идентитет, самодоверба, слика за себеси, и став спрема достигнувањата и предизвиците, што пак ќе игра клучна улога во тоа каков успех тие ќе имаат на училиште, работа и општо во животот (Eccles, 1999).

Како што веќе напоменавме, така нареченият период „средно детство“ започнува околу шестата година. Според теориите на човечки развој, се смета дека шестата година е најпогодна за започнување на образовниот процес кај децата. Токму на шест години се случува клучна когнитивна промена која овозможува децата да напреднат во своето размислување, учење и разбирање за светот кој ги опкружува (Del Giudice, 2014). Зголемениот когнитивен напредок се манифестира преку зголемена способност за логичко размислување, расудување и решавање на зададени проблеми, кои се соодветни за нивната возраст. Во овој период децата учат да пишуваат, читаат и да извршуваат основни математички операции. Процесот на учење во овој период најдобро се одвива преку раскажување на приказни, односно индиректно претставување и решавање на проблемите со кои може потенцијално да се сретнат. Децата во периодот на средно детство почнуваат да стануваат свесни за себеси и за околината која ги опкружува. Почнуваат сè повеќе да се потпираат на себеси и стануваат понезависни од своите родители (Cassidy & Shaver, 2016). Тие учат да го насочуваат и задржуваат своето внимание, учат да се однесуваат во согласност со нормите и правилата на средината која ги опкружува, учат да планираат и да се организираат (Del Giudice, 2014). Менталните вештини, како на пример, можноста на децата да воочат повеќе перспективи освен својата, да воочуваат различности и контрадикторности, исто така доживуваат свој максимум. Во овој период кај децата исто така се развива меморијата. Децата стануваат способни временски и просторно да се ориентираат.

Родителите, учителите и останатите луѓе кои ги опкружуваат, во овој период на децата им помагаат да ги научат и прифатат културните норми на општеството во кое живеат. Учат како да се прилагодат на училиште меѓу врсниците и да оформуваат пријателства. Со отпочнување на училишните обврски децата голем дел од своето време го поминуваат со своите врсници и учители и со самото тоа нивните социјални мрежи стануваат поголеми. Како последица на тоа, родителите имаат сè помалку увид во активностите на децата, како тие го поминуваат своето време надвор од дома и имаат помалку контрола врз нивното однесување. Но, иако децата не поминуваат исто толку време заедно со своите родители како претходно, сепак родителите се сè уште примарна фигура во однос на приврзаноста и социјалните врски (Cassidy & Shaver, 2016). Па така, во попладневните часови, откако децата завршуваат со училишните обврски, родителите освен вршењето на родителска улога, тие исто така играат улога и на воспитувачи и другарчиња за играње игри и забава со своите деца (Cassidy & Shaver, 2016). Родителите во овој период можат да сметаат дека нивните деца можат да им помогнат околу извршување на домашните обврски. Тие исто така очекуваат и поодговорно однесување од страна на нивните деца, како и почитување на семејните норми и правила. Како во семејството, така и помеѓу своите врсници, децата во овој период почнуваат да го градат својот статус и идентитет. Во овој период се јавуваат првите симпатии и романтични изјави меѓу врсниците на училиште. Со тоа, децата во ова доба стануваат свесни за својот и за спротивниот пол. Момчињата стануваат поагресивни од девојчињата. Кон крајот на средното детство започнува да се развива и сексуален нагон, иако децата во овој период не се доволно телесно развиени (Del Giudice, 2014).

Раната адолесценција е почеток на адолесцентниот период во животот на човекот, и таа го опфаќа периодот од 11 до 14 години. Главната цел во овој период е формирање на автономна личност (Eccles, 1999). Децата на овие години влегуваат во пубертет и се подложни на низа биолошки промени кои влијаат врз хормоните и развивање на репродуктивните органи. Девојчињата промената во своите тела ја забележуваат порано од момчињата, па така во шесто одделение може да се случи да има девојчиња чии тела се веќе зрели и формирани и кои се облекуваат како возрасни жени, додека момчињата сè уште изгледаат како деца. Момчињата промените во своето тело почнуваат да ги чувствуваат околу 13-тата и 14-тата година. Од големо значење во овој период се и

крупните психолошки и когнитивни промени кои се случуваат кај децата кои влегуваат во периодот на рана адолесценција. Когнитивната зрелост е развиена до степенот во кој децата се веќе способни да размислуваат апстрактно, да разгледаат повеќе перспективи, односно повеќе можни решенија за еден проблем во исто време и да изразуваат свое мислење за покомплицирани проблеми (Eccles, 1999). Анализата и процесирањето на информациите, како и вештините на учење се многу подобрени. Знаењето на децата во овој период за светот кој ги опркужува е зголемено на многу повисоко ниво, па така тие се чувствуваат способни да го применат своето знаење и вештини во новонастанати ситуации. Тие се запознаени со своите предности и недостатоци во областа на учењето и своите вештини. Когнитивниот напредок ги оспособува адолесцентите за можат да извршуваат потешки задачи, да го регулираат своето однесување, да ги разберат внатрешните психолошки карактеристики на другите луѓе, а со тоа и да избираат друштво базирано врз тие карактеристики. Раната адолесценција е клучен период во развојот на човекот затоа што претставува почеток на промените на личноста кои водат кон нејзина автономност, независност и созревање, промена во начинот на кој тие се гледаат себе и светот и откривање на своите потенцијали (Eccles, 1999).

Во овој период, тие ги спознаваат барањата кои ги наметнува општеството кое ги опкружува, но првенствено барањата од своите родители (Eccles, 1999). Врската со родителите е многу важна во овој период, затоа што секоја реакција на родителите е впиена од страна на децата и може да има последици по сликата на детето за себеси. Родителите во овој период треба да бидат свесни за потребата на детето од автономност и индивидуализација (Laursen and Collins, 2004). Децата на прагот на адолесцентниот период сакаат да поминуваат сè повеќе време со своите врсници надвор од границите на семејството, па така тоа ќе придонесе до намалување на емотивната блискост која децата ја имале со родителите претходно, децата ќе се борат за поголема моќ во семејството, со што ќе се дојде и до повеќе конфликтни ситуации (Laursen and Collins, 2004).

1.2.1 Ериксон - Психосоцијален развој на децата

За да го разбереме претставениот проблем подобро, важно е да се претстави и психосоцијалниот развој на детето преку теоријата на познатиот психолог и психоаналитичар Ериксон. Во 1950-тата година од минатиот век, Ериксон анализирал како социјалните фактори влијаат врз психолошкиот развој на децата. Па така, тој излегол со своја теорија, наречена Теорија на психосоцијален развој (Orenstein & Lewis, 2020). Периодот од 6 до 12 години кај децата, според Ериксон, е уште наречен и училишна доба, кога детето надвор од своето семејство, во училишните клупи со своите врсници, го проширува своето знаење за светот кој го опкружува. Тоа, со помош на своите родители и учителите, ги учи основните вештини потребни за совладување на училишниот материјал, односно учи да чита, да пишува, да извршува математички операции и да работи самостојно (Allen and Marotz, 2003). Во овој период детето и понатаму го развива својот идентитет и своите полови улоги. Децата на училишна возраст стануваат сè повеќе свесни за барања од светот и што тие треба да направат за да се прилагодат. Па така, детето чувствува потреба да присвои одреден начин на однесување или одредени социјално прифатливи вештини, за да биде прифатено во средината. Доколку тоа е успешно во совладување на овие вештини, кај него се развива чувство на гордост и се засилува самодовербата (William, 2011). Многу е важно за децата од 6 до 12 години да развијат чувство на вредност и самодоверба во своите лични способности, за да можат понатаму во животот да бидат спремни да се соочат со предизвиците кои се дел од секојдневието. Доколку не го развијат ова чувство на компетентност, во нив ќе се јави чувство на неадекватност (Corey, 1985). Затоа Ериксон оваа фаза ја нарекол уште и фаза на постигнување наспроти неадекватност (industry vs inferiority), а главното прашање по кое се водат децата во однос на својата адаптација е: Дали јас можам да успеам во светот на луѓе и нешта? (Corey, 1985)

Во овој период од развојот на децата, освен родителите, главна улога играат и врсниците на детето. Дружејќи се со своите врсници во спортските клубови, училишните клупи, курсеви итн., децата почнуваат да се споредуваат со своите врсници. Споредувањето со соучениците, соиграчите и друго, влијае врз самодовербата на детето. Во овие моменти родителите играат клучна улога. Доколку тие ги поддржат и охрабрат

своите деца во своите иницијативи и во односите со другите деца, тие ќе стекнат самодоверба, ќе се чувствуваат компетентно (industry) и има поголема шанса да ги искористат своите потенцијали. Доколку родителите се позитивни и охрабрувачки настроени спрема децата, тогаш тие нема да се чувствуваат помалку вредни од своите врсници. Доколку родителите не настапат поддржувачки спрема проблемите на детето во однос на неговите другарчиња, тоа може да развие и комплекс на пониска вредност (inferiority), кој ќе се манифестира подоцна во адолесцентниот период, па сè до возрасното доба (Allen and Marotz, 2003).

Општеството на децата на училишна возраст им наметнува нови правила и барања. Па така, за да се адаптираат, децата учат како да бидат одговорни, да прават разлика помеѓу доброто и лошото однесување, и како да ги завршат работите кои од нив се бараат, на задоволително ниво. Како растат и ги исполнуваат барањата од околината, децата стануваат сè повеќе свесни за себеси како индивидуи, стануваат сè понезависни, соработливи, порационални и поодговорни. Когнитивните способности се развиваат на повисоко ниво, па така им станува полесно просторно и временски да се ориентираат, ги разбираат причинско-последичните односи, ги разбираат културните и индивидуалните разлики, морални вредности и се способни да извршуваат задачи посамостојно (Allen & Marotz, 2003). Со оглед на тоа што стануваат сè помалку зависни од родителите, можно е во училишната возраст децата да почнат и да не се согласуваат со родителите и бунтовно и непослушно да се спротивставуваат на нивните ставови и мислења. Освен тоа што учат како да пишуваат, читаат, цртаат, децата почнуваат и да ги развиваат своите таленти и специфични интереси, како на пример, се приклучуваат во спортски тимови, бендови, разни курсеви, и така натаму. Доколку на децата им се овозможат услови за нивен понатамошен развој и притоа се почувствуваат наградено и ценето за тоа што го прават, тие ќе го стават училиштето или спортот пред било какво друго задоволство, и ќе ги извршуваат задачите додека не ги завршат до крај. Но, доколку децата се исмејувани или не им се дозволи да си ги откријат своите таленти на време, тие ќе станат мрзеливи, немотивирани и со ниска самодоверба (Allen & Marotz, 2003).

1.2.2 Пијаже - Когнитивен развој

Швајцарскиот психолог Жан Пијаже скоро цел живот го посветил изучувајќи ја човековата интелигенција, односно изучувајќи како човекот го создава, задржува и користи своето знаење. Па така, Пијаже дошол до својата теорија наречена Теорија на когнитивен развој. Според неа, тој го дели когнитивниот развој на човекот во неговиот животен век на четири дела:

1. Сензорно-моторна (Sensorymotor);
2. Подготвителна фаза (Preoperational stage);
3. Конкретно-оперативна (Concrete operational);
4. Формално-оперативна (Formal operational) (Berger, 2008).


Фазата која ги опфаќа децата на училишна возраст, односно средното детство и предадолесцентниот период, е третата фаза, и таа се нарекува concrete operational, односно „конкретно-оперативна“ фаза. Според Пијаже, во оваа фаза децата почнуваат да размислуваат логички и нивните размислувања стануваат позрели (Santrock, 2008). На пример, доколку им се претстави проблем од типот: 3 е поголемо од 2, и 2 е поголемо од 1 тие без проблем би го решиле проблемот, иако можно е да имаат потешкотии при проблемот дали 3 е поголемо од 1. Други главни карактеристики на когнитивните способности на децата од оваа фаза се и способноста за индуктивно размислување и анализа, елиминација на егоцентризмот, можност за согледување на работите од туѓа перспектива, меѓутоа сè уште појавуваат потешкотии за дедуктивно и хипотетско (апстрактно) размислување (Santrock, 2008). Значи, децата од оваа фаза можат да ги решаваат проблемите кои се однесуваат на конкретни предмети, појави или настани. Хипотетското размислување сè уште не е развиено, па така тие не можат да решат проблем кој не можат да го видат или допрат. Децата можат да набљудуваат одредени појави и врз основа на нив да донесат генерален заклучок (индуктивно размислување) (Santrock, 2008). Меѓутоа, обратната постапка, каде што генералниот заклучок би го искористиле за да предвидат одредена појава, би можел да им претставува потешкотија во овој период од развојот.



Слика 1: Пример за индуктивно размислување на дете кое се наоѓа во „конкретно-оперативна“ (concrete-operational) фаза

Иако туѓата перспектива може да биде различна од сопствената, децата во ова доба од нивниот развој можат да ја препознаат и да направат разлика. На пример, во еден снимен видеоматеријал, група деца гледале како девојче по име Џејн става една кукла под столче и излегува од собата. Во меѓувреме, во собата влегла Мелиса, ја земала куклата и ја ставила во фиока. Кога Џејн се вратила, децата биле прашани каде се наоѓа куклата. Тие кажале дека знаеле оти Џејн ќе мисли дека куклата е сè уште под столчето, иако куклата се наоѓала во фиоката. Значи, децата почнуваат да ја распознаваат и туѓата перспектива, иако е можеби грешна. Како децата во училишна доба растат и преминуваат од средно детство во предадолесцентен период, сè повеќе и повеќе ја користат логиката, сè повеќе им се развива апстрактното размислување, планско и систематско решавање на проблемите по системот на „trial and error“ (Piaget, 1972). Во овој период, на преадолесцентите им се развива можноста за дедуктивно размислување и способноста за носење на заклучоци од претходно набљудуваното (Berger 2014). Тие почнуваат да бидат

свесни за себеси, својот потенцијал и за својата посебност како единка во општеството.



Слика 2: Фази на когнитивен развој на децата според Пијаже

1.3 Теорија на емоционална приврзаност - Џон Балби

Теоријата на приврзаност, создадена од страна на Џон Балби, а подоцна изменета од страна на Мери Ејнсворт, се фокусира на човековата потреба за приврзување и формирање на социјални врски (Rholes & Simpson, 2004). Според Балби, како многу други битија на планетата, така и човекот има внатрешна потреба од формирање на социјални врски со други, за него значајни луѓе. Секој човек има потреба од блискост со друго човечко суштество, кое ќе му пружи сигурност и заштита. Човекот како битие поседува биолошка предиспозиција кон поврзување со другите. Секој од нас има биолошка потреба да оствари физички контакт со друга личност, како прегратка, милување, држење за рака, контакт со очи, и така натаму. Целите кои се постигнуваат преку чинот на приврзување се

психолошка и физичка близина со луѓето кои имаат улога на негуватели. Балби смета дека способноста луѓето да се приврзуваат за други луѓе произлегува од нагонот за преживување. Бебињата и децата не можат да преживеат без надворешна помош, па така тие имаат потреба да бидат во близина и да се поврзат со негуватели кои ќе ги задоволат нивните физички потреби: храна, вода, топол дом, психолошки потреби, како заштита од опасности, сигурност, топлина, итн. Според теоријата на привржаност, бебињата-доенчиња за време на првата година од својот живот се приврзуваат со овие примарни негуватели, па така учат и да ги разликуваат од другите луѓе и ги препознаваат. Во случај тие да немаат примарни негуватели и луѓе кои постојано ќе бидат до нив и ќе се грижат за нив, како на пример, да бидат во дом за бебиња каде ќе имаат повеќе негуватели кои се грижат за нив само во одреден период и на смени, или пак да бидат социјално изолирани подолг временски период, бебињата немаат можност да се привржат со никого. Кога нема да се случи привржаност, сите луѓе ги доживуваат еднакви. Во тој случај не се случува препознавање на личност како во случајот кога бебињата имаат примарен негувател-родител или старател кој со нив поминува долго време. Иако постојат одредени разлики во други култури, главно теоријата на привржаност е универзална и важи насекаде.

Иако примарните негуватели на бебињата, со кои тие се поврзале на емотивно ниво од нивното раѓање, па сè до крајот на првата година од нивниот живот, играат главна улога во нивниот свет, не сите врски на поврзаност се исти. Постојат родители кои со своите деца остариле „сигурни“ емотивни врски, а постојат и врски кои кај бебињата и децата не предизвикуваат чувство на сигурност. Бебињата и децата кои имаат оформено сигурни врски со своите мајки, тие во нив гледаат комфор, безбедност и сигурност, заспиваат полесно, откако ќе плачат се смируваат полесно и брзо се враќаат на играње со играчки, истражување на собата во која се наоѓаат, итн. (Shaver & Cassidy, 2016). Децата кои немаат оформено цврста и стабилна поврзаност со своите мајки, често се чувствуваат анксиозни, раздразнети, често плачат, можно е и да имаат измешани чувства во врска со мајката и неретко ја одбегнуваат и реагираат одбивно кога таа им се приближува. Овие деца често се нерасположени, вознемирени и не си ги продолжуваат своите нормални игри и забава. Исто така, децата кои немаат цврста емотивна врска со своите мајки, најчесто се повлечени и за да го избегнат стресот и напнатоста кои ги чувствуваат, тие се вклучуваат во најразлични активности. Здравата емоционална привржаност на бебињата со својата

мајка исто така е предуслов и за здрав социјален, емоционален и когнитивен развој на децата во периодот од средното детство (Shaver & Cassidy, 2016). Децата кои уште од своето раѓање стекнуваат доверба во своите фигури на приврзаност исто така имаат и помалку проблеми со однесувањето на училиште и дома во текот на училишните години (Shaver & Cassidy, 2016).

Личноста која има здрава и стабилна приврзаност со други луѓе е онаа личност која има неколку луѓе во својот круг на блиски и значајни луѓе, каде што емотивната врска помеѓу нив е стабилна и непроменета од детството до адолесценцијата и возрасното доба. Меѓутоа, не сите врски на приврзаност се толку едноставни. Голем број деца не доживуваат ист третман од двајцата родители. Некои деца се поповрзани со мајките, други се повеќе поврзани со татковците. На овој начин се создава различна врска на емоционално поврзување помеѓу детето и родителите. Исто така, во некои случаи можно е однесувањето на родителите спрема децата да се смени со текот на времето, со што и квалитетот на емоционалната врска и приврзаноста се губи. Па наместо дете кое се чувствувало сигурно и заштитено од својот татко или од својата мајка, да прерасне во дете кое се плаши и ги одбива двајцата родители, или пак, еден од нив. Постојат деца кои подолго време биле раздвоени од своите родители. Има случаи каде што децата своите негуватели за кои биле примарно поврзани ги изгубиле, поради смрт, разводи и друго. Како последица на овие промени во животот на едно дете, неретко се случува тие да се приврзат за некоја нова личност со која ќе го заменат отсуството на примарната фигура на поврзаност. Со оглед на тоа што се можни секакви сценарија кога станува збор за приврзаноста на едно дете со родителите како негови примарни негуватели, од тоа произлегува посебен „стил на приврзаност“. Во својата книга „Attachment Theory Basic Concepts and Contemporary Questions,“ Rholes и Simpson тврдат дека децата кои манифестираат одреден модел на приврзаност со нивните негуватели, подоцна во животот ќе го манифестираат истиот модел на приврзаност и со другите луѓе. Како за пример може да земеме едно дете на училишна возраст. Доколку тоа дете оформувало топла и сигурна емотивна врска со својата мајка (или татко), подоцна тоа ќе оформува слични врски со своите врсници во средното детство. Важи и обратното. Доколку ова дете имало одбивност према својата мајка или соодветната примарна фигура со која тоа било приврзано, подоцна ќе оформува слични врски и со останатите деца. Авторите сметаат

дека нема специјално одреден период кога овие стилови на приврзаност се оформуваат, но тие можат да бидат употребени да се испита и предвиди социјалното однесување на децата во средното детство и раната адолесценција (Rholes & Simpson, 2004).

1.3.1 Емоционална приврзаност со родителите во периодот „средно детство“

Како што веќе напоменавме, во раното детство приврзаноста кон негувателот кој претставува примарна фигура на приврзаност е со цел емоционална блискост, грижа и заштита за да може детето да се снајде во светот кој го опкружува. Во средното детство пак, кое започнува околку шестата година на детето и трае се до четиринаесеттата година, приврзаноста кон родителите е со слична цел, но поголем акцент се става на достапноста на родителот за детето во било кое време од денот (Shaver & Cassidy, 2016). Во овој период, децата започнуваат со своите училишни обврски, се запишуваат на разни курсеви, спортски тимови и слично. Па така, поголем дел од денот не се во близина на своите родители. Иако момчињата и девојчињата во средното детство немаат проблем да не бидат блиску до своите родители, како што биле претходно, за нив е многу важно, доколку се соочуваат со било каков проблем, родителот да биде достапен за него во било кое време за да му укаже поддршка, грижа и потпора. Децата сакаат да знаат дека во било кое време ќе можат да му се јават на родителот и тој да дојде да му помогне доколку тоа е потребно, на пример, доколку дојде до повреда, каква било незгода, итн.

Со самото созревање, на децата во овој период им е потребна поголема независност и осамостојување (Shaver & Cassidy, 2016). Во периодот од средно детство, децата во родителите ја гледаат сигурноста која им е потребна за поттикнување на здрава самодоверба, која пак поттикнува нормален раст и развој, желба за истражување на околината, осознавање нови информации и стекнување позитивни искуства во текот на животот. Како што децата растат, така се зголемува и нивната одговорност кон општеството и тие се вклучуваат во разни активности и програми. Па така, родителите на децата им се потребни да ги поттикнат и поддржат во остварување на нивните цели, како на пример, да им помогнат во градење на самодовербата и вербата во сопствените квалитети и можности, да покажат дека веруваат дека децата можат да се изборат со каква

било потешкотија на училиште или во однос на социјалните контакти, итн. Па така, може да се каже дека главна карактеристика на сигурна и здрава приврзаност помеѓу детето и неговите родители во периодот од средно детство е токму поставувањето на баланс помеѓу задоволување на потребите за сигурност, грижа, заштита и зависност од родителите со потребите за независност, слобода и можност на детето да ја истражува својата околина и само да доаѓа до решенија на можните потешкотии. Значи, родителите во заеднички разговор со своите деца треба да се потрудат да им помогнат на децата да ги решат своите проблеми, но да стават акцент на насочување на децата кон самостојно решавање на проблемите без преголема зависност од родителите (Kerns, Brumariu, & Seibert, 2011). Па така, до крајот на периодот „средно детство“ врската родител - дете би претставувала сојуз на соработка, каде што детето и понатаму ќе се потпира на родителот како поискусна, посилна и попаметна фигура во очите на детето, но и ќе го гледа родителот не како некој кој ќе му ги реши проблемите, туку како некој кој може да му помогне во процесот на решавање на проблеми, во кој главен актер ќе биде самото дете (Kerns, Brumariu, & Seibert, 2011).

Здравата емоционална врска помеѓу родителот и детето, во која детето ќе се чувствува сигурно е онаа врска која се карактеризира со чувствителен, грижлив и топол - прифатлив пристап на родителите кон детето. Но сепак, клучно е и родителите да иницираат сè поголема независност на детето, која ќе биде во склад со неговата возраст, автономност и помало ниво на психолошка контрола, при што ќе му се дозволи на детето поголема слобода во истражување на својата околина, социјалните врски и можност да учи од своите грешки (Shaver & Cassidy, 2016). Освен пружање на сигурност, родителите треба да ги охрабруваат децата да станат независни, да ги поттикнуваат децата да ги научат правилата и нормите во општеството во кое се наоѓаат, да бидат љубопитни кога станува збор за откривање на своите таленти и постигнување успех во училишните ангажмани и слично. Ова е докажано и во истражувањето спроведено од страна на Bosmans и неговите колеги. Според резултатите, за да постои стабилна и здрава емоционална приврзаност помеѓу родителите и детето, тоа треба да ги доживува своите родители како луѓе кои ја поддржуваат автономноста на детето и кои не вршат преголема психолошка контрола врз него (Bosmans et al., 2009).

Потребата на децата од своите родители во средното детство е испитувана во одреден број истражувања. На пример, во истражување спроведено од Кернс и нејзините колеги, докажано е дека децата сè помалку се потпираат на своите родители низ текот на годините (Kerns et al., 2006). Истите истражувачи, врз основа на ново истражување, докажале дека сепак во средното детство родителите и понатаму се примарни фигури на емоционална приврзаност, заштита и достапност во кое било време за децата (Kerns et al., 2006). Иако децата во овој период поминуваат повеќе време и со учителите, тренерите, врсниците, сепак родителите претставуваат и понатаму примарни фигури на поврзаност (Kerns et al., 2006). Тоа е докажано и во истражување спроведено од страна на Кернс и Сеиберт. Тие им поставиле на децата низа прашања во однос на ситуациите во кои тие би побарале помош од личност со која се чувствуваат приврзани. Па така, тие дошле до резултати кои укажуваат на тоа дека децата, сепак, на прво место ги стават своите родители, над врсниците, учителите, тренерите, итн. (Seibert & Kerns, 2009). Дури и децата кои биле на единаесет и дванаесетгодишна возраст, покажале повеќе интерес за своите родители, отколку останатите луѓе од нивното секојдневие (Seibert & Kerns, 2009). Истражувањата докажале и во кои ситуации најчесто децата барале помош, внимание и поддршка од своите родители, а тоа најчесто се случува кога децата се чувствуваат болно, кога се исплашени, кога поминуваат во период на разделба со некоја драга личност или омиленото домашно милениче, кога ќе се скараат со другарчињата и кога ќе добијат слаба оценка на училиште (Shaver & Cassidy, 2016).

Стабилната емоционална врска помеѓу родителите и детето е основа за здрав раст и развој. Според Теоријата на емоционална приврзаност, родителот кој е чувствителен, грижлив и кој се одзива на потребите на своето дете формира здрава емоционална врска со него (Shaver & Cassidy, 2016). Постојат истражувања кои ја докажале оваа поврзаност. На пример, одредени истражувања докажале дека постои корелација помеѓу чувствителноста на мајката и здрава емоционална врска со нејзиното дете (Dubois-Comtois, Cyr, & Moss, 2011). Родителите кои ги прифаќаат своите деца и не ги занемаруваат, имаат постабилна и здрава врска, за разлика од родителите кои се занемарувачки настроени кон нив. Децата се чувствуваат сигурно со родители кои секојдневно им покажуваат дека се достапни за нив во секое време и дека безусловно ги прифаќаат. Родителите на овие деца исто така искажуваат желба да играат улога на

сигурен заштитник во нивниот живот (Kerns et al., 2000). Децата исто така формираат стабилна емоционална приврзаност со своите родители и доколку видат дека тие ја поддржуваат нивната автономност, не им вршат преголема психолошка контрола и им даваат поголема слобода во периодот на средно детство (Bosmans et al., 2009).

Родителите со својот пристап спрема децата играат многу важна улога во тоа како тие ја градат сликата за себеси. Децата кои имаат родители кои се одзиваат на нивните потреби, кои се топли и грижливо настроени кон нив, се чувствуваат достојни и за љубов и внимание од другите луѓе и без плашливост и страв влегуваат во врски со други за нив значајни луѓе. Децата кои имаат изградено здрава приврзаност со своите родители исто така имаат и позивитна, но балансирана и реалистична слика за себеси. Тие не се плашат да ги признаат своите предности, но и своите мани (Shaver & Cassidy, 2016). Истражувања спроведени врз деца од осум до дванаесетгодишна возраст во врска со нивото на нивната самодоверба и квалитетот на приврзаност со примарна негувателска фигура, резултатите покажуваат дека децата кои имале квалитетна и стабилна приврзаност со своите родители, имале повисоко ниво на самодоверба и позитивна слика за себеси (Scott et al., 2011). Исто така, одредени истражувања тврдат дека квалитетот на приврзаноста зависи и од степенот на емотивна зрелост на родителите. На пример, родителите кои се задоволително приврзани со своите деца поретко избувнуваат и поретко ги казнуваат своите деца кога тие нема да се однесуваат соодветно на нормите и правилата поставени од родителот (Cummings, George, Koss, & Davies, 2013). Исто така, овој тип на родители поретко се жалат или искажуваат какви било негативни коментари кога разговараат за своето дете со други луѓе (Scott et al., 2011).

Кај децата кои не уживаат блиска и здрава приврзаност со своите родители, може да се јават и негативни последици. Според истражување спроведено од страна на Karavasilis и неговите колеги, мајките кои ги занемаруваат своите деца, не се активно вклучени во нивниот живот и не ги поддржуваат, имаат деца кои се однесуваат одбивно кон нив (Karavasilis, Doyle, & Markiewicz, 2003). Децата кои не се чувствувале заштитено од страна на своите родители и кои не се чувствувале сигурно во однос на нив, исто така се однесувале одбивно кон своите родители, ги игнорирале и избегнувале (Kerns et al, 2000). Мајките кои имале здрава емоционална приврзаност со своите деца, имале

родителски стил кој се карактеризира со грижливост и посветеност кон детето, додека пак мајките кои имале неорганизирани деца, најчесто прикажале проблематичен и несоодветен воспитен стил. Друго истражување на истата тема исто така потврдило дека мајките кои имале неорганизирани деца, исто така имале негативен однос со своите деца (Green, Stanley, & Peters, 2007).

Одредени истражувања ја испитувале стабилноста на емоционалната приврзаност на децата со нивните родители во текот на нивниот раст и развој. Pinquart и неговите колеги докажале дека доколку не постои било какво нарушување во односот родител - дете, како на пример, разделба со родител поради развод, смрт и друго, се очекува во најмала рака прилично стабилна емоционална приврзаност на децата со родителите низ годините (Pinquart, Feussner, & Abnert, 2013). Постојат и истражувања кои ја истражувале стабилноста на приврзаноста за време на периодот „средно детство“ во временски период од еден месец до три години. Повеќето од истражувањата докажале дека приврзаноста во овој период е прилично стабилна (Shaver & Cassidy, 2016). На пример, според истражувањето извршено од страна на Ammaniti и неговите соработници, се докажало дека постои стабилност во приврзаноста на децата од десетгодишна до четиринаесетгодишна возраст (Ammaniti et al., 2000). Исто така, според истражување спроведено од Grossmann и соработниците, докажано било дека децата кои имале стабилна и сигурна врска со своите родители, истиот квалитет на врска ја задржале и во преминот од периодот на средно детство, во периодот на рана адолесценција (Grossmann, Grossmann, & Kindler, 2005). Релевантните истражувања во однос на тоа дали здравата приврзаност на детето со родителите во раното детство резултира во исто така здрава приврзаност во периодот на средно детство, немаат доследни резултати.

1.3.2 Бенефити и последици од емоционална приврзаност помеѓу децата и родителите

Низа научни истражувања се спроведени во однос на бенефитите и можните последици кога станува збор за емоционалната приврзаност помеѓу родителите и нивните деца. На пример, во истражување спроведено од Diener и колегите, децата кои имаат стабилна емоционална приврзаност со своите родители се поуспешни на училиште и имаат поголема мотивација за извршување на училишните обврски (Diener et al., 2008). Резултатите од истражувањата исто така покажале дека наставниците на децата кои имаат здрава врска со родителите, се позадоволни од своите ученици во смисла на нивната активност и вклученост на час. Според наставниците, децата исто така биле генерално и академски поуспешни во однос на децата кои имале проблематична врска со своите родители (Shaver & Cassidy, 2016). Други истражувања ја испитувале врската помеѓу емоционалната приврзаност на децата со родителите и нивото на интелигенција. Резултатите покажале дека децата кои биле блиски и приврзани за своите родители имале повисок скор на логички тестови и тестови за интелигенција (Shaver & Cassidy, 2016). Moss и Laurent ја испитувале корелацијата помеѓу приврзаноста на родителите и децата и успехот на училиште, докажале дека децата кои биле несигурни во себе и неорганизирани како последица на неквалитетната приврзаност со родителите, исто така имале и најнизок успех на училиште и најниски скорови на когнитивните тестови (Moss & St.-Laurent, 2001). Последователно на тоа, овие деца имаат зголемен ризик од когнитивни развојни проблеми.

Постојат и истражувања кои се занимавале со откривање на причините кои стојат позади овие бенефити кои ги уживаат децата кои имаат сигурна емоционална приврзаност со родителите. На пример, една од причините може да биде и самата фигура на родителот како заштитник од кој децата добиваат безрезервна поддршка и од кој тие ја црпат сигурноста и вербата во себе. Тоа му дава на детето храброст и придонесува тоа да има поголема желба да постигне повисоки резултати на училиште и да не се плаши да ги развие своите таленти и можности (Shaver & Cassidy, 2016). Според истражување спроведено од страна на Moss и неговите колеги во 2005 година, квалитетот на интеракцијата помеѓу детето и неговиот негувател може да се објасни како една од причините за успехот или неуспехот на децата на училиште. Според истражувачите,

лошата соработка меѓу детето и родителот директно влијае врз неквалитетната приврзаност помеѓу двајцата, а тоа доведува и до неуспех на училишен план (Moss et al., 2005). O'Connor и McCartney во своето истражување, спроведено во 2007 година, докажале дека причината која лежи помеѓу високиот успех на училиште и позитивната емоционална приврзаност на детето со родителите, е тоа што родителите на овие деца им помагаат на децата во успешно извршување на домашните задачи и училишниот материјал со кој тие имаат потешкотии (O'Connor & McCartney, 2007). Значи, родителите на децата кои имаат подобар успех на училиште се посветени, заинтересирани, ги контролираат и им помагаат на своите деца во извршување на училишните обврски. Исто така, битни се и одредени карактеристики на детето, како на пример, послушност, самодисциплина и амбициозност, кои како фактори влијаат врз корелацијата помеѓу позитивната емоционална приврзаност и постигнувањето високи оцени или скорови на тестовите по интелигенција (O'Connor & McCartney, 2007).

Истражувањата во минатото истакнале и други придобивки за децата кои имаат позитивна и здрава емоционална приврзаност со родителите. Во истражување спроведено од Goosens и неговите соработници, децата кои се стабилно приврзани за своите родители не искажале загриженост во врска со својата телесна тежина (Goosens et al., 2011). Една година подоцна, истите истражувачи откриле дека децата кои биле емоционално приврзани за своите родители имале многу позитивна слика за својот физички изглед за разлика од оние деца кои немале цврста приврзаност со родителска фигура (Goosens et al., 2012). Други позитивни придобивки кои децата можат да ги добијат од здрава емоционална приврзаност со својот негувател е поседувањето на добра и позитивна слика за себеси. Децата кои се приврзани со родителите, се задоволни од себеси. Ова тврдење е докажано и во истражување спроведено од страна на Clark и Symons, кои докажале дека децата кои имале стабилна приврзаност со родителите, имале позитивна, но балансирана слика за себеси и поголема самодоверба (Clark & Symons, 2009). Родителите кои се блиски со своите деца ги учат како да гледаат попозитивно на работите кои им се случуваат или пак, на фидбекот кој децата го добиваат од околината (Shaver & Cassidy, 2016). Тоа значи дека родителите на децата кои имаат позитивна слика за себеси често ги охрабруваат своите деца и им даваат пофални зборови. Во текот на едно истражување, на децата им била дадена задача за извршување, а притоа се набљудувало нивното однесување. Децата

кои немале стабилна приврзаност со своите мајки, нивното внимание во поголемиот дел од времето повеќе било насочувано кон нивните мајки отколку кон задачата која им била дадена за извршување, па со тоа и неуспешно ја извршиле истата (Shaver & Cassidy, 2016). Според друго истражување, спроведено од Dujardin и неговите колеги, негативна последица од нестабилната приврзаност на децата со своите мајки е и тоа што децата имале повеќе негативно отколку позитивно мислење за своите мајки (Dujardin et al., 2014).

Позитивната приврзаност со родителите им помага на децата и во однос на расположението. Според истражувањето на Abraham и Kerns, спроведено во 2013 година, стабилно приврзаните деца биле порасположени во секојдневниот контакт со другите луѓе за разлика од децата со нестабилна приврзаност (Abraham & Kerns, 2013). Истите истражувачи докажале и дека децата кои се стабилно приврзани со родителите користеле поконструктивни техники за решавање на проблемите, што кажува дека овие деца полесно ќе излезат на крај со какви било проблеми и тешки ситуации кои потенцијално може да им се случат во текот на животот (Abraham & Kerns, 2013). Исто така, овие деца при стресна ситуација имаат посилна реакција на истата, но и многу побрзо се опоравуваат од неа, за разлика од децата кои немаат добра врска со родителите (Borelli et al., 2010). Стабилно приврзаните деца подобро ги контролираат своите емоции, посмирени се и потолерантни се во фрустрирачки ситуации (Shmieli-Goetz et al., 2008).

Одредени истражувања кои ја испитувале корелацијата помеѓу приврзаноста со родителите и квалитетот на социјалните врски на децата, докажале дека постои поврзаност помеѓу двете варијабли. Имено, децата кои биле поприврзани со своите мајки биле поприфатени во друштвото и се чувствувале сакано од страна на своите врсници (Abraham & Kerns, 2013). Како и да е, постојат истражувања кои докажале дека постои и корелација помеѓу поврзаноста на детето со таткото, наместо детето со мајката во однос на тоа дали детето ќе биде популарно во друштвото. Како на пример, Verschueren и Marcoen во своето истражување во 2002 година, докажале статистички значајна поврзаност помеѓу приврзаноста на детето со таткото како негувателска фигура и популарноста на детето помеѓу врсниците (Verschueren & Marcoen, 2005). Исто така, децата кои се стабилно приврзани за своите родители имаат поголеми социјални кругови, односно подруштвени се, се вклучуваат во поголем број активности со своите врсници и


друго (Bohlin et al., 2000). Овие деца исто така се изјасниле дека имаат помалку потешкотии во врските со своите пријатели, додека децата кои имале нестабилна приврзаност за своите родители изјавиле дека имаат поголеми потешкотии за формирање пријателство и потешкотии во веќе формираните пријателства (Cummings et al., 2013). Abraham и Kerns исто така ги испитувале и родителите, учителите и училишните психолози во врска со способноста на децата во формирање и одржување на пријателства. Резултатите покажале дека децата кои имале сигурна приврзаност со своите родители имале постабилни пријателства, за разлика од децата кои немале сигурна приврзаност со родителите (Abraham & Kerkns, 2013).

Стабилната приврзаност на детето со своите родители е клучна за правилниот раст и развој. Нестабилната поврзаност може да доведе до растројства во карактерот, па дури и до одредени клинички симптоми (Shaver & Cassidy, 2016). Brumariu и колегите сметаат дека емотивната нестабилност, чувството на беспомошност и преголема чувствителност во стресни ситуации кои се јавуваат кај децата кои немаат соодветни и конструктивни техники за справување со истите, благодарение на нивната неорганизираност која се јавила како последица на нестабилната приврзаност за родителите, може да придонесе до појава на анксиозност и депресија (Brumariu et al., 2012). Мајките кои се стабилно приврзани со своите деца, ја намалуваат шансата нивните деца да развијат клинички симптоми на психичко растројство во текот на периодот „средно детство“ (Shaver & Cassidy, 2016). Значи, од сите напоменати истражувања до сега, може да се заклучи дека родителите имаат огромна одговорност спрема своите деца и нивната желба за зближување, охрабрување, поддршка кон децата, ќе доведе до здрав раст и развој и среќни деца.

1.4. Самодоверба

Една од најдобрите мерки за утврдување на успешноста на еден родителски стил е довербата на детето во себе и во своите способности. Според Ериксон, самодовербата и позитивната слика за себе се меѓу најважните човечки потреби (McLeod, 2008). Маслов додал дека во природата на луѓето е да сакаат да се чувствуваат самоуверени, почитувани

од другите луѓе и да чувствуваат самопочит (Malow, 1943). Луѓето имаат потреба да бидат прифатени, да бидат издигнувани, фалени од страна на поблискиот круг на луѓе со кои се во интеракција. Во Масловата хиерархија на човекови потреби, потребата за висока самодоверба е на четвртиот претпоследен степен, после физиолошките потреби, потребите за љубов и припаѓање и потребата за безбедност. Сите овие потреби се во интеракција, па така, доколку која било од нив не биде задоволена, вклучувајќи ја и потребата за самодоверба и позитивна слика за себеси, човекот не може да ја оствари последната потреба, а тоа е самоактуализацијата или целокупното задоволство и среќа кон која се стреми секоја единка. Па така, луѓето кои ја задоволиле потребата за позитивна слика за себеси/самодоверба, најчесто се задоволни и среќни. Луѓето коишто не ја задоволиле оваа потреба, најчесто развиваат комплекс на пониска вредност, инфериорност, се чувствуваат слаби, безвредни и беспомошни. Маслов исто така самодовербата ја поделил во две групи: повисоки потреби и пониски потреби на самодоверба. Во повисоки потреби на самодоверба спаѓаат: желбата за физичко здравје, знаење, компетентност, независност и слобода. Во пониските потреби на самодоверба спаѓаат: социјален статус, признание, слава, престиж и други форми на социјално и општествено внимание. Маслов истакнал дека високите потреби на самодовербата се примарни, а ниските се секундарни и доаѓаат отпосле. Па така, тој укажува на важноста на прифаќање на себеси пред прифаќање на вниманието од околината (Maslow, 1943).



Слика 3: Илустрација на Масловата хиерархија на човекови потреби

Американскиот антрополог Ернест Бекер во 1962 година изнел теоријата „Terror Management Theory“, со која ја објаснува психолошката функција на самодовербата и потребата за одржување на добра слика за себе на секој здрав човек. Бекер смета дека потребата за самодоверба е единствено човечка и произлегува од способноста на човекот за симболичко размислување и себерефлектирање (Pyszczynski et al., 1990). Според Бекер, луѓето се свесни за своето постоење и егзистенција, а со самото тоа доаѓа и до одреден егзистенцијалистички товар, односно свесност за непостоење и смрт. Универзумот во кој луѓето живеат е непредвидлив и тешко се контролира, па така не само што смртта е неизбежна, туку таа може да дојде и неочекувано (Pyszczynski et al., 1990). Доколку луѓето бидат доследно свесни за својата смртност и можноста да се умре во секое време, тоа предизвикува анксиозност, страв и терор кај нив. Како последица на тоа, луѓето започнале да го канализираат тој страв преку создавање на позитивна слика за себе и светот, каде

себеси и својата раса се гледаат како значајни суштества со сопствена вредност, кои живеат во свет кој има своја смисла, а не дека се само обични производи на природата со своја минливост во рамките на истата. На овој начин, самодовербата и позитивната слика за себе на луѓето им дава психолошка сигурност, безбедност и служи за намалување на анксиозноста и теророт од помислата на сопствената смрт. Колку повеќе луѓето веруваат во себе, својата значајност, толку помалку се анксиозни, чувствителни и свесни за постоењето на смртта. Исто така, верувајќи во својата значајност, луѓето креираат и други идеали во кои веруваат, со цел да се намали акнсиозноста од свесноста за сопствената смртност. На пример, луѓето веруваат во живот после смртта, постоење на рајот, припаѓање на едно семејство или нација и со тоа, така значајни и уважени, истите стануваат бессмртни. На овој начин една значајна личност станува дел од бесконечна реалност. Луѓето неретко знаат да бидат пристрасни кога се работи за зачувување на својата самодоверба и позитивна слика за себе. Тие знаат да се спротивстават на сѐ или секој кој ја загрозува нивната верба во сопствената значајност (Pyszczynski et al., 1990). Па така, можеме да заклучиме три главни поенти на Terror Management теоријата:

А) Загрозувањето на самодовербата доведува до појава на анксиозност кај луѓето;

Б) Кога самодовербата на луѓето е загрозена, тие се високо мотивирани да го намалат делувањето на изворот на заканата;

В) Кога заканите по самодовербата се намалени, се намалува и анксиозноста.

Доколку дојде до намалување на самодовербата, луѓето се вклучуваат во низа активности кои ќе им помогнат да го вратат посакуваното ниво на самодоверба, а тоа се: елиминација на изворот на закана, негација, најразлични интелектуални, спортски, социјални, финансиски достигнувања (Pyszczynski et al., 1997).

Според Бекер, освен зацврснување на самодовербата, луѓето исто така можат да добијат протекција од смртта преку создавањето на врски со другите луѓе. На пример, децата кои преку интеракцијата со своите родители добиваат самодоверба и позитивна евалуација за себеси, се чувствуваат сигурно и заштитено. Децата, со текот на времето преку процесот на социјализација, учат дека да се биде добар, значи да се биде заштитен.

Тие се наградувани од страна на родителите ако се однесуваат соодветно со општествено прифатливите норми и правила на однесување, а доколку ги прекршат истите, тие се казнувани. Тоа за децата значи дека додека се однесуваат според правилата наметнати од страна на родителите, тие ќе бидат прифатени од страна на родителите, а прифаќањето значи заштита и сигурност. Доколку не ги почитуваат правилата, тоа ги прави децата анксиозни и несигурни, па така тие се плашат дека родителите ќе ги напуштат. Како последица на тоа, децата учат да го контролираат своето однесување, да бидат „добри“ личности во рамки на својата култура, за да можат да ја одржат врската со родителите на посакуваното ниво, да ја намалат анксиозноста и да се чувствуваат заштитени. Прифаќајќи ги вредносните стандарди наметнати од родителите и културата во која живеат, децата учат да се дефинираат себеси спрема нив. Па така за нив да се биде „добар“ значи да се биде приафтен и заштитен, а да се биде „лош“ значи да се биде во опасност, да се биде казнуван, напуштен, незаштитен. На овој начин, според Terror Management теоријата, самодовербата (ставот за тоа што значи да се биде „добар“) станува алатка за намалување на анксиозноста (Pyszczynski et al., 1990). Па така, можеме да заклучиме дека самодовербата и позитивната слика за себеси се состојат од два главни елементи, и тоа:

А) Давање на значење на светот во кој човекот живее и давање на сопствена вредност и уваженост наспроти ставот дека човекот е смртно суштество чиј живот може да заврши непредвиливо;

Б) Прифаќање и соодветно однесување според културолошките стандарди на општеството во кое личноста се наоѓа (Pyszczynski et al., 1991).

Според Бекер, однесувањето на една личност најчесто е управувано од процесот на стекнување и одржување на позитивна самодоверба и слика за себеси. Тој смета дека културолошките погледи и вредноста на еден човек, гледано низ леќите на општествените стандарди, се чисто социјално структурирани елементи. Па така, самодовербата на еден човек и неговата слика за себе најчесто зависат од реакциите на другите луѓе кон него. Самодовербата може да варира во однос на тоа какви реакции имаат другите луѓе спрема нивното лично значење и големина, какво мислење имаат тие за себе, и колкава е вредноста на контекстот во кој се дава оцена за вредностите на личноста. Во поголем дел

од времето луѓето го формираат своето однесување сè со цел да бидат прифатени од другите, да се чувствуваат вредно и значајно, притоа избегнувајќи какви било закани по нивната позитивна слика за себе (Pyczszynski et al., 1991).

Постои и друга теорија во врска со психолошката функција на самодовербата, односно потребата на луѓето за позитивна слика за себеси, а тоа е Социометарската теорија. Сликата за себеси и степенот на самодоверба се директна последица на тоа како една личност смета дека е согледувана и оценувана од страна на луѓето во нејзината околина (Leary & Baumeister, 2000). Социјалните конекции, односно врските со другите луѓе се битен фактор за секоја индивидуа, односно имаат позитивно влијание врз физичкото и психичкото здравје на човекот (Eisenberger et al., 2011). Освен бенефитите по психофизичкото здравје, поврзувањето со други луѓе исто така има и фундаментален мотив: преживување и адаптација во околината. Последователно на тоа, секоја личност сака да се чувствува прифатено од страна на другите. Па така, кај човекот е развиен внатрешен таканаречен „мерач“ или „социометар“ кој следи колку една личност е прифатена или отфрлена од другите за неа значајни луѓе (Liu & Zhang, 2016). Доколку една личност е прифатена од околината, таа поседува повисок степен на самодоверба. Доколку таа личност не се чувствува прифатено од другите луѓе, степенот на самодоверба се намалува. Иако, од време на време нивото на самодоверба може да изгледа дека се мери според сопственото мислење и проценка за себе и своите вредности и дека е различна од мислењето и фидбекот од другите луѓе, според „социометар“ теоријата, нивото на самодоверба е директно поврзано со тоа колку една личност се чувствува прифатена или отфрлена од другите (Liu & Zhang, 2016). Па така, освен тоа што самодовербата доаѓа од себепочитувањето, таа доаѓа и од почитта која луѓето од околината и ја оддаваат на една личност. Самодовербата кај една личност е поврзана со нејзините минати искуства во однос на поврзувањето со други луѓе, односно дали била прифатена во друштвото или отфрлена (Leary & Baumeister, 2000).

Доколку личноста поседува карактеристики кои се прифатливи во друштвото каде што сака да се наметне, како на пример, добар физички изглед или интелигенција, тогаш таа има голем потенцијал да биде прифатена во друштвото, а со тоа и се зголемува и нејзината самодоверба (Anthony et al., 2007). Според истражување спроведено од Denissen

и колегите, луѓето кои имале ниска самодоверба немале квалитетна врска со љубовните партнери, пријателите или пак членовите од фамилијата (Denissen et al., 2008). Резултатите од овие истражувања се во корелација со социометарската теорија, која вели дека самодовербата на една личност зависи од минатите искуства на прифаќање и одбивање од страна на другите луѓе, и кое исто така влијае и врз квалитетот на нивните социјални врски. Според истражување направено од Leary и Baumeister, луѓето со пониска самодоверба се чувствуваат социјално неадекватни и отфрлени од средината, додека пак луѓето со висока самодоверба се чувствуваат прифатено и социјално адаптирано (Leary & Baumeister, 2000).

Prescott Lecky е уште еден од теоретичарите кои изнеле свое мислење во врска со мотивот на луѓето за самодоверба и формирање на специфична слика за себеси. Тој во 1945-тата година, со својата теорија (self-consistency theory) „Теорија на себе-доследност," напишал дека формирањето на слика за себеси игра важна улога во преживувањето и адаптацијата на човекот во средината во која живее, затоа што таа му помага да ја предвиди и контролира природата на социјалната реалност во која се наоѓа (Swan et al., 1987). Па така, луѓето се мотивирани да ја зачуваат сликата за себе, а тоа го прават преку начинот на размислување и однесување кој е во согласност со своите концепции за себеси. Неколку теоретичари кои ја следеле работата на Lecky, изнеле свој став во врска со теоријата. Тие утврдиле дека формирањето на слика за себе е мотивирано од когнитивната потребата на луѓето да имаат предвидливи, познати, стабилни и извесни стимули. Па така, како последица на тоа, луѓето се стекнуваат само со информации кои се во согласност со сликата за себеси. Мислите на луѓето се така креирани што единствено информациите кои се во согласност со нивната слика за себеси се доверливи и вистинити. Кога станува збор за луѓето кои имаат негативна слика за себеси, според теоретичарите на self-enhancement теоријата, тие ги пропуштаат можностите да се подобрат себеси, па така тие се ангажираат во когнитивни и бихевиорални активности кои се исклучиво во согласност со сопствените негативни погледи на себеси. На пример, луѓето кои имаат негативна слика за себеси повеќе ќе преферираат негативен фидбек затоа што е предвидлив и познат за нив (Swan et al., 1987).

Постои теорија која е спротивна на self-consistency теоријата. Self-enhancement теоријата, или во превод „Теорија на себе-унапредување," ги отфрла ставовите на „себе-доследност" со мислењето дека луѓето со негативна слика за себеси и ниска самодоверба тежнеат кон подобрување на погледите за себеси, а со тоа и до зголемување на самодовербата (Swan et al., 1987). Според оваа теорија, луѓето преферираат позитивен фидбек од страна на околината затоа што тие сакаат да се чувствуваат убаво и сакаат да имаат убави мисли за себеси. Оваа теорија е базирана на повеќе теории на личноста. Нејзино главно мото е дека луѓето се мотивирани да одржуваат позитивна слика за себеси и да оформат високо мислење за сопствената вредност (Alicke & Sedikides, 2009). Според self-enhancement теоретичарите, луѓето кои имаат негативна слика за себеси и намалена самодоверба, во споредба со останатите луѓе од нивната околина, ќе го надокнадат недостатокот од самодовербата, трудејќи се повеќе од другите, да ги поправат своите слабости и да ги подобрат погледите на себеси (Alicke & Sedikides, 2009).

И двете теории, self-consistent и self-enhancement, имаат цврст став кога станува збор за луѓе кои имаат изградено позитивна слика за себеси, односно дека овие луѓе работат со цел да си ја задржат таа позитивна слика. Како и да е, кога се работи за луѓето кои имаат негативна слика за себеси, ставовите се разидуваат. Self-consistent теоријата вели дека луѓето кои имаат негативна слика за себеси преферираат негативен фидбек од страна на другите луѓе затоа што тој е во согласност со нивните лични очекувања, додека self-enhancement теоријата вели дека луѓето со намалена самодоверба и негативна слика за себеси очекуваат позитивен фидбек од околината затоа што тие сакаат да имаат позитивно мислење за себеси.

1.4.1 Дефинирање на самодовербата

Во литературата не постои само една универзална дефиниција за самодовербата. Повеќе научници ја дефинирале самодовербата на свој начин. На пример, Rosenberg сметал дека самодовербата претставува позитивна евалуација за себеси и дека високата самодоверба се стекнува кога една личност се почитува себеси и се смета за вредна (Rosenberg, 1965). Според Sedikides и Gress, самодовербата претставува позитивна или

негативна субјективна проценка на себеси, своите чувства и степенот на себепочитување (Sedikides & Gress, 2003). Оваа субјективна проценка не мора да значи дека ги отсликува објективните вештини и таленти кои личноста ги поседува, нити пак реалната проценка за способностите на личноста која ја даваат луѓето во околината (Orth & Robins, 2014). Reasoner во својата дефиниција за самодоверба додал дека таа е составена од две различни компоненти, и тоа: компетентност и вредност. Врз база на овие две карактеристики, тој ја дал својата дефиниција за самодовербата, која гласи: „Самодоверба претставува способноста успешно да се пресретнат животните предизвици и достојно да се прифати среќата (Reasoner, 2005).“ Wang и Ollendick додавале дека не само што самодовербата значи евалуација на себеси, туку и евалуацијата е пропратена со емоционална реакција према себеси (Wang & Ollendick, 2001). Webster ја дал најкратката дефиниција, која гласи: „Самодовербата е кога една личност е задоволна со себеси“ (Abdel-Khalek, 2016). Подоцна оваа дефиниција била изменета, и гласела: „Самодовербата е добро мислење за сопствениот дигнитет и вредност“ (Abdel-Khalek, 2016). Самодовербата може да се однесува кон себеси како една целина или кон специфични аспекти од личноста, како на пример: социјален статус на индивидуата, расна или етничка припадност, физички карактеристики, атлетски способности, работни или образовни вештини, итн.

Самодовербата може да се однесува и на врските кои еден човек ги формира со другите луѓе, неговите лични ставови за своите вештини и способности (Murphy, Stosny, & Morrel, 2005). Според Hooks, самодовербата значи доверба во нашата способност да мислиме, да се справуваме со основните предизвици кои ги носи животот, доверба во личното право на среќа и постигнување на успех, чувство на вредност, дека нешто сме заслужиле, доверба во остварување на нашите лични вредности и можност за уживање во бенефитот од нашите успеси (Zakeri & Karimpour, 2011). Како и да е, најкористена и најкратка дефиниција меѓу останатите е дека самодовербата е лична проценка за сопствената вредност (Lightfoot, Cole, & Cole, 2009). Самодовербата најчесто доаѓа од надворешни или екстерни критериуми, како на пример, семејни вредности, општествени норми и принципи, или пак, успех или неуспех во остварување на сопствените цели (Zakeri & Karimpour, 2011). Исто така, самодовербата може да дојде и од внатрешни извори, како емоции, генетски.

Родителите се првиот фактор кој има најголемо влијание врз градењето и одржувањето на самодовербата на децата. Освен семејството, исто така и околината во која децата растат и се развиваат исто така има битно значење врз развојот на самодовербата. За да се поттикне развиток на позитивна самодоверба, потребни се четири фактори, и тоа: добра врска родител - дете, соодветни алатки кои се употребуваат од страна на родителите за справување со непосакуваните емоции кај децата, прифаќање на себеси и успешно социјално прилагодување (Hosogi et al., 2012). Начинот на кој родителите ги воспитуваат и раснат своите деца многу влијае врз тоа дали децата ќе развијат висока или ниска самодоверба. Непочитувањето на децата од страна на родителите, недемократското одлучување, лошата комуникација и неподржувањето на искажувањето на емоциите на децата, може да доведе до ниска самодоверба кај децата (Todorovic, 2004). Најчесто, родителите со ниска самодоверба имаат деца кои имаат ниска самодоверба. Според Coopersmith, децата со ниска самодоверба најчесто имаат родители кои кон нив реагираат бурно, нетрпеливо, па дури и со екстремни реакции како физичко насилство и слично (Coopersmith, 1962). Coopersmith смета и дека овие родители често креираат хостилна, ладна и дистанцирана средина, емоционално нестабилна и често се однесуваат со негрижа кон детето (Coopersmith, 1962). Во такви услови, со несоодветно родителско однесување, на децата им е тешко да создадат позитивна слика за себеси. Заклучно со тоа, активното вклучување и присуство на родителите во родителскиот процес, како и прифаќањето, емпатијата, поддршката, емоционалната топлина имаат голем придонес во формирање на здрава и цврста самодоверба кај децата.

Нивото на самодоверба кај секоја индивидуа е различно. Како и да е, според мнозината научни истражувања, децата на шестгодишна возраст кои влегуваат во периодот на средно детство, имаат највисока самодоверба. Првооделенците настапуваат со многу голема самоувереност кога станува збор за извршување на голем број на активности и задачи кои им ги поставуваат учителите или родителите (Eccles, 1999). На пример, ако учителите ги прашаат дали можат да наредат комплексна сложувалка, повеќето од нив ќе кажат да, и покрај тоа што претходно доживеале неуспех при сложување на истата сложувалка. И во случаите кога дечињата не ги поседуваат потребните вештини по одреден предмет, како на пример читање, математика, спорт, сликање и така натаму, тие се оценуваат себеси како најдобри во своето одделение (Eccles,


1999). Но, според истражување на Shibata и колегите, извршено врз деца на училишна возраст, докажано е дека самодовербата кај децата со текот на времето опаѓа (Shibata et al., 2003). Децата со текот на времето почнуваат да ги поврзуваат својата лична проценка за своите способности со нивниот вистински перформанс, односно тие стануваат свесни за своите успеси и неуспеси, а соодветно на тоа, варира и чувството на самоувереност. Личните цели и очекувања за успех во училиштето или во останатите активности во кои се вклучени, има тенденција на опаѓање во текот на училишните години. Уште еден од многуте истражувачи во областа на самодовербата кај децата, Kokenes, истражувајќи ја самодовербата кај децата од четврто до осмо одделение со помош на Coopersmith скалата на самодоверба, заклучил дека самодовербата кај децата во шесто одделение е најниска (Kokenes, 1974). Според други истражувања, кај децата во рана адолесценција исто така е забележан пад на самодовербата, најчесто поради психосоматските промени кои се случуваат во овој период. Па така, неретко може да се забележи и неволност кај децата да се вклучуваат во активностите за кои порано биле заинтересирани, или во екстремни случаи и откажување од училиште. Исто така, според одредени научни истражувања, докажано е дека момчињата се посамоуверени од девојчињата. Група со најниска самодоверба се девојчињата кои се порано влезени во пубертет од своите врсници (Eccles, 1999).

1.4.2 Невролошка основа на самодовербата

Самодовербата е регулирана од страна на специфични центри лоцирани во мозокот. Според поголемиот дел од истражувањата спроведени на оваа тема, хипокампусот е делот од мозокот кој е задолжен за самодовербата. Хипокампусот се наоѓа во темпоралниот лобус во мозокот, поточно во лимбичкиот систем. Тој игра улога во процесот на учење, формирање и зацврснување на меморијата и просторна навигација (Dutta et al., 2019). Исто така, хипокампусот помага при одговор на организмот при стрес и при регулација на емоциите (Gendolla et al., 2015).

Според истражување спроведено од Pruessner и неговите колеги, волуменот на хипокампусот е во позитивна корелација со самодовербата, кај млади но и кај возрасни

луѓе (Lu et al., 2018). Големата самодоверба доведува до поголем волумен на хипокампусот, додека ниската самодоверба влијае негативно и го намалува неговиот волумен. Оштетување и значително намалување на волуменот на хипокампусот може да доведе не само до невролошки и психички болести, туку и до физички болести (Lu et al., 2018). На пример, при намалување на волуменот на хипокампусот може да се случат бројни когнитивни оштетувања, Алцхајмерова болест и други растројства (Gilbertson et al., 2002). Според резултатите од истражување спроведено од Brody и неговите соработници, односот на родителите кон децата исполнет со поддршка и топлина не само што може да биде како превенција од намалување на волуменот на хипокампусот и амигдалата, туку исто така може да го намали и ризикот од појава на дијабетес кај децата (Lu et al., 2018). Па така, можеме да заклучиме дека стресот, посебно хроничниот стрес го нарушува нормалното функционирање на хипокампусот и придонесува до намалување на неговиот волумен.



Слика 4: Лимбичен систем. Илустрација на човечки мозок. Хипокампус, таламус, базална ганглија, хипоталамус, амигдала

Хансон и неговите колеги, користејќи магнетна резонанца, во своето истражување дошле до резултати дека децата кои потекнуваат од семејства со ниски примања, имаат намален волумен на хипокампусот (Hanson et al., 2011). Меѓутоа тие претпоставиле дека во овој случај, кога децата потекнуваат од сиромашни семејства, ќе имаат поголем волумен на хипокампусот доколку нивните родители и самите деца имале висока самодоверба, односно намален волумен, доколку имале ниска самодоверба. После тестирање на хипотезата, се докажало дека високата самодоверба го прави хипокампусот поотпорен и дека позитивната слика за себеси го штити хипокампусот, посебно доколку една индивидуа живее во загрозена средина (Hanson et al., 2011). На науката не ѝ се познати начините поради кои високата самодоверба и позитивната слика за себе го штитат хипокампусот, но се претпоставува дека еден од механизмите е дека овие два фактора ја намалуваат изложеноста на хипокампусот на стрес, со што се намалува секрецијата на невротоксични стрес-хормони, кои негативно влијаат врз нормалното фукнционирање на овој дел од мозокот (Wang et al., 2016). Ниската самодоверба и негативната слика за себе го активираат адаптациониот одговор на организмот при стрес. Како последица на стресот, еден од хормоните кои се лачат е и хормонот кортизол. Долговремено изложување на стресни ситуации и високо количество на кортизол во текот на животот е тесно поврзано со атрофија на хипокампусот (Kubarych et al., 2012). Кај луѓето со ниска самодоверба, исто така, било забележано зголемено лачење на кортизол при одговор на стресна ситуација, додека истото било во значително помали размери кај луѓето со висока самодоверба (Gendolla et al., 2015).

1.4.3 Влијанието на самодовербата врз менталното и физичкото здравје

Самодовербата е поврзана со менталното здравје и игра клучна улога во процесот на раст и развој на децата и нивното формирање во зрели и здрави личности. William James бил првиот психолог, кој во далечната 1890 го открил големото значење на самодовербата за менталното здравје кај луѓето (James, 1890). Во едно истражување спроведено во 2003 година е потврдено дека самодовербата е исклучително важен фактор

за емоционалната благосостојба (Baumeister et al., 2003). Луѓето коишто имаат висока самодоверба, најчесто се посреќни, позадоволни и помотивирани за постигнување успеси, за разлика од оние кои немаат (Baumeister et al., 2003). Самоуверените луѓе најчесто гледаат на животот и предизвиците со оптимизам, па така тоа ги прави поупорни кога ќе се најдат во разни предизвици и поотпорни, односно посигурни во себе кога станува збор за решавање на проблематични и тешки ситуации (Baumeister et al., 2003). Бенефитите од поседување на висока самодоверба се можноста за храбро прифаќање на среќните моменти, ефективно справување со нелагодни ситуации и зајакнување на позитивните и силни страни на една личност. Исто така, луѓето кои се посамоуверени, не се плашат од формирање на емотивни врски со други луѓе. Во случај да се најдат во тешки животни ситуации, самоуверените личности имаат помала шанса да добијат симптоми на депресија, или било какви дисфункционалности на емоционалното и менталното здравје (Stavropoulos et al., 2015). Самоувереноста е карактеристика која ги мотивира луѓето да бидат поупорни и да не се откажуваат лесно и покрај доживеани неуспеси. Самоуверените луѓе се поуспешни и посамодисциплинирани на патот кон достигнување на зацртаните цели (Di Paula & Campbell, 2002). Кога целите ќе бидат остварени и кога личноста ќе биде пофалена, наградена и призната од страна на околината за својот успех, така и нејзината самодоверба расте. Па така, можеме да кажеме дека самодовербата е клучна за постигување успех во животот (Schmidt & Padilla, 2003). Луѓето со повисока самодоверба имаат повисок квалитет на живеење и поголема животна енергија (Mackinnon, 2015). Тие најчесто полесно се прилагодуваат во нови средини, за разлика од оние со пониска самоувереност. Позитивната слика за себеси влијае позитивно врз процесот на стареење, когнитивната стабилност, независноста и општото здравје (Gendolla et al., 2015).

Личноста која има ниска самодоверба најчесто е конзервативна и претпазлива во однесувањето. Несамоуверената личност е зависна од реакциите на другите луѓе кон неа, срамежлива и несигурна во остварувањето на нови контакти, како и во одржување на веќе постоечките односи (Campbell & Lavallee, 1993). Ниската самодоверба ги прави луѓето сензитивни кон одбивањето од страна на луѓето кои ги опкружуваат и кои се за нив битни (Joiner, Alfano, & Metalsky, 1992). Луѓето кои имаат ниска самодоверба се несигурни во своето знаење и способности, нивниот пристап спрема животот е најчесто себезаштитнички и претпазлив. Тие често се чувствуваат безвредни, недоволно добри

како другите, емоционално нестабилни, што доведува и до комплекс на инфериорност (На, 2006). Овие луѓе најчесто се сметаат себеси за помалку важни и недоволно способни, па така мислат дека не можат да имаат влијание и контрола врз нештата кои им се случуваат. Па така, неретко тие сметаат дека ситуациите им се случуваат непредвидливо и најчесто им „излегуваат“ од контрола, па како последица на тоа, тие гледаат на нив како заканувачки и штетни по нив (Gendolla et al., 2015). Кога ќе се најдат во стресни ситуации, несамоуверените луѓе имаат тенденција да се чувствуваат совладани и немоќни да ја контролираат ситуацијата, за разлика од самоуверените (DeLongis et al., 1988). За разлика од самоуверените луѓе, луѓето со ниска самодоверба се исто така генерално понезадоволни од својот живот и понесреќни. Овие луѓе често имаат негативен став спрема околината и најразличните ситуации кои им се случуваат, па така неретко искусуваат нерешлив интерен конфликт (Baumeister, 1993). Несамоуверените луѓе најчесто се конфузни во врска со тоа кои се тие како личност и немаат јасен и доследен став за себеси. Па така, тие најчесто стануваат зависни од реакциите на другите луѓе и ситуациите во кои се наоѓаат (Baumeister, 1993).

Генерално, хронично ниската самодоверба и лошата слика за себеси придонесуваат за појава на анксиозност, а посебно анксиозност поврзана со смртта (Greenberg, Solomon & Pyszczynski, 1997). Исто така, според три објавени студии на Trzesniewski, Donnellan, Robins, Moffitt и Caspi во 2002 година, откриено е дека ниската самодоверба е поврзана со антисоцијални проблеми, деликвенција и агресија (Trzesniewski et al., 2002). Децата со ниска самодоверба се склони кон неуспех во училиште и недолично однесување (Trzesniewski et al., 2002). Овие деца тешко формираат нови пријателства затоа што неретко патат од социјална анксиозност и се чувствуваат осамени, неприфатени и отфрлени од средината, па дури и со депресивни и суицидални тенденции (Sharma & Agarwala, 2015). Многу научници ја имаат потврдено тезата дека намалената самодоверба е поврзана со психички растројства. Истражувачите Mendelson и Andrews во своите истражувања докажале дека кај децата кои влегуваат во рана адолесценција, кои притоа се дијагностицирани со анорексија или други растројства во исхраната, најчесто патат од ниска самодоверба (Mendelson, Mendelson & Andrews, 2000). Намалената самодоверба и негативната слика за себеси можат да резултираат во посттрауматско растројство, панични напади, панично растројство и биполарно растројство (Agroskin et al., 2014).

Roberts, Orth и Robins истражувал возрасни луѓе дијагностицирани со депресија кои исто така имале намалена самодоверба (Roberts, Orth, & Robins, 2008). Овие истражувачи сметаат дека симптомите на депресија, кои се јавиле во возрасното доба, се последица на ниската самодоверба којашто не успеале да ја подобрат во детството, па така не успеале да пронајдат соодветни техники за справување со стресот и проблемите, а тоа ја поставило базата за појавување на менталните растројства подоцна во животот (Roberts, Orth, & Robins, 2008). Silverstone и Salsali испитувале 957 пациенти со психичко растројство, при што докажале дека сите пациенти пателе од намалена самодоверба во различен степен (Silverstone and Salsali, 2003). Најниска самодоверба била забележана кај клиентите со депресија, анорексија и зависниците од наркотични средства и алкохол. Главна карактеристика на депресијата е ниската самодоверба и негативното мислење за себеси. Според истражувањето на Трипковиќ и колегите, ниската самодоверба е статистички докажан фактор за појава на клиничка депресија (Tripkovic et al., 2015). Моделот на вулнерабилност (ранливост) на Robins и Orth, исто така ни потврдува дека нивото на самодоверба е тесно поврзано со депресијата; и тоа дека ниската самодоверба претставува релативно стабилен фактор кој предизвикува симптоми на депресија (Oarth & Robins, 2013). Исто така, постојат и докази дека е можен и обратен процес, каде депресијата предизвикува намалување на самодовербата кај луѓето кај кои е дијагностицирана. Споменатиот процес се нарекува „скар“ модел (Shahar & Davidson, 2003).

Истражувачите во оваа област тврдат дека овие два модела многу веројатно се пренесуваат од генерација на генерација, односно од родителите на децата. Постојат повеќе теории кои го поткрепуваат ова. На пример, од социокултуролошка гледна точка, одредени карактеристики на една генерација се случуваат и во следната генерација од истото семејство (Gruenenfelder-Steiger et al., 2015). Теоријата на животен тек, пак, тврди дека секој член од една фамилија е дел од заедничката „историја“ на таа фамилија (Bengtson & Allen, 1993). Членовите на едно семејство делат слични принципи, правила, знаења, и се справуваат со проблемите на сличен начин. На пример, мајка која научила плашливо да реагира на критиките од страна на други луѓе, може да го пренесе овој начин на делување и на своите деца. Како последица на тоа, и двајцата, родителот и детето, може да имаат намалена самодоверба и ќе бидат склони кон развој на симптоми на депресија поради несоодветниот начин на справување на мајката со дадената ситуација

(Gruenenfelder-Steiger et al., 2015). Според истражувањата на Томпсон и Зуроф, самокритичните мајки имаат тенденција да им даваат негативен фидбек на своите деца, за разлика од мајките кои се помалку самокритични (Thompson & Zuroff, 1999). Депресивните самокритични родители најчесто ги пренесуваат своите негативни самокритички ставови и на своето потомство. На овој начин, мајките можат да влијаат кон намалување на самодовербата на нивните деца.

Главни фактори кои придонесуваат за сличностите во карактерот и однесувањето на две или повеќе генерации во едно семејство се: домашната средина, генетските предиспозиции (Pomerantz & Thompson, 2008) и моделот на Бандура за социјално-когнитивно учење (Gruenenfelder-Steiger et al., 2015). Според социјално-когнитивната теорија, луѓето го формираат своето однесување преку набљудување на нивната надворешна средина (Kunkel et al., 2005). Соодветно на тоа, децата најчесто ги набљудуваат родителите и нивните реакции кон дадените ситуации и проблеми и ги копираат. На овој начин, родителите стануваат модели на однесување, според кои се водат нивните деца и на тој начин стануваат преносители на своето однесување. Семејствата претставуваат клучни средини во кои се одвива социолошкото учење. На пример, доколку родителите се хранат здраво, не пушат цигари, не пијат, уживаат во бенефитите кои ги носат овие начини на однесување и доколку ги поткрепуваат со доследни пораки, и нивните деца ќе се чувствуваат достојно и спремно да го копираат однесувањето на своите родители и да уживаат во здравите навики кои тие ги поставиле како репер. Родителите кои спрема своите деца се топли и љубезни, ќе имаат деца кои тој вид на однесување ќе го очекуваат и од надворешната средина. Со тоа овие деца ќе добиваат поголема социјална поддршка од другите, а со тоа ќе се зголеми и нивната самодоверба (Franco & Levitt, 1988). Децата чии родители не манифестираат такво однесување, нема да ги уживаат бенефитите на зголемената самодоверба.

Според Bandura, социолошкото учење, или пренесувањето на шемите на однесување од родителите на децата (семеен контекст), се одвива во четири чекори. Првиот чекор е самиот чин на набљудување на посакуваното однесување, кое може да се одвива во живо, на телевизија или преку други извори; вториот чекор е учење на однесувањето и негово задржување; третиот чекор е кога детето е способно да го повтори

или репродуцира тоа што го видело/слушнало; четвртиот чекор е кога детето одлучува дали да го прифати однесувањето кое го видело од моделот на однесување/родителот - оваа одлука главно зависи од последиците кои ги искусил родителот за однесувањето кое се набљудува (Kunkel et al., 2005). Bandura ја потврдил својата теорија и со експеримент, така наречен Бобо-експеримент. Тој собрал група деца кои имале за задача да гледаат видеоснимка на возрасен човек кој се однесува агресивно и насилно спрема кловн наречен Бобо. Потоа децата биле поделени во три групи, каде што едната група гледала видео како човекот бил награден за агресивното однесување, втората снимка каде тој бил казнет за агресивното однесување, и трета снимка каде што човекот не доживеал никакви последици по своето агресивно однесување спрема кловнот Бобо. На крај, децата биле оставени насамо со кловнот Бобо и нивното однесување било набљудувано. Оние деца кои биле во групата која гледала како личноста која се однесувала агресивно и била казнета, се однесувале многу помалку агресивно, за разлика од децата кои гледале видеа како човекот бил награден или поминал без последици. На крај, на сите деца им била понудена награда доколку го демонстрираат однесувањето на моделот од видеото. Резултатите ја потврдиле теоријата на Bandura, односно сите деца го демонстрирале истото однесување како и моделот кој им бил презентиран (Kunkel et al., 2005).



Слика 5: Bobo doll - експеримент

Ако теоријата на Bandura ја примениме во практичниот свет, тогаш може да заклучиме дека карактеристиките на една генерација од едно семејство ќе бидат пренесени на следната генерација од истото семејство. Па така, доколку родителите имаат песимистички и негативни погледи на проблемите и ситуациите од животот и доколку употребуваат несоодветен стил, тоа многу веројатно ќе се пренесе на децата, со што тоа може да влијае врз намалување на самодовербата кај децата и склоност кон појава на депресивни симптоми (Gibb et al., 2009). Доколку при соочување со стресна ситуација или проблем, родителите демонстрираат несоодветен стил на справување со проблемот, тоа може да влијае врз децата на начин што и тие нема да знаат ефективно да се справат со истата новонастаната ситуација. Родителите кои имаат позитивен пристап и поефективен начин на справување со проблемите, децата ќе научат дека иако моментално е тежок, проблемот сепак е решлив. Во тој случај, гледајќи од родителите, децата ќе бидат поуспешни во изнаоѓање на решенија за потешкотиите со кои можат да се соочат (Thompson & Meyer, 2007). Родителите кои се успешни и поседуваат соодветен, позитивен пристап во изнаоѓање на решенија, им помагаат на своите деца да се чувствуваат самоуверено и самите тие да го сторат истото. Последователно на тоа, родителите со намалена самодоверба не им служат на своите деца како значајни самоуверени модели на однесување, кои адекватно ќе им помогнат во растот и развојот на децата. Овој тип на родители не се способни да им пренесат на своите потомци позитивнен и самоуверен пристап при решавање на проблемите, затоа што и тие самите се соочувале со недостаток на позитивност и самовереност додека раснеле (Gruenenfelder-Steiger et al., 2015). Исто така, важи и обратниот модел. Родители кои биле дијагностицирани со депресија во некој период од својот живот, преку преголема самокритичност и преку негативно однесување и критикување на децата, може да доведат до зголемен ризик за намалување на самодовербата кај децата (Garber & Cole, 2010).

На децата им е најпотребна љубов и топлина од страна на родителите. Тоа им дава сигурност во своите способности дека тие можат да се справат со задачите и проблемите соодветни на нивната возраст. Доколку квалитетот на оваа врска родител - дете се намали, можно е да се појават депресивни симптоми кај детето. Според истражувањето на Hammen и неговите колеги, мајка која немала развиени интерперсонални вештини, може да ги пренесе во интеракцијата со детето и на тој начин да доведе до појава на депресија

кај детето (Hammen et al., 2004). Родителите кои ги отфрлаат своите деца, исто така, можат да пренесуваат депресивно расположение децата, а тие потоа да го пренесат на своите деца (Whitbeck et al., 1992). Причината поради која депресијата може да се пренесе од генерација на генерација е преокупацијата на родителите со себеси, со што им обраќаат помалку внимание и не им ја даваат потребната топлина на децата (Whitbeck et al., 1992). Во однос на полот, ќерките се повеќе семејно ориентирани, додека момчињата повеќе потпаѓаат под влијание на своите врсници. Па така, момчињата се помалку подложни на семејно влијание, додека полесно е истото повеќе да се пренесе на ќерките и тоа од страна на мајките (Davies & Windle, 1997).

Нивото на самодоверба исто така се пренесува од генерација на генерација. Според истражувањето на Besser и Priel, мајки кои се чувствувале несигурно при поврзување со други луѓе и кои имале негативни согледувања на себеси, имале ќерки кои ги искажале истите карактеристики (Besser & Priel, 2005). Во истото истражување, интерниот модел на мајката влијае на интерниот модел на децата, кои потоа се склони кон пренесување на истиот модел на следната генерација. За да го докажат ова, Besser и Priel спровеле истражување во кое учествувале три генерации мајки, баби и ќерки. Резултатите докажале постоечка поврзаност помеѓу трите генерации, односно биле забележани значајни сличности во нивоата на самокритичност и други карактерни особини (Besser & Priel, 2005). Како последица на намалената самодоверба во адолесцентниот период на една личност, може да биде намален квалитетот на родителските вештини кога таа ќе се оствари како родител, кое пак ќе донесе и многу несигурност во интеракцијата со идните деца. До намалување на самодовербата кај децата, преку интеракција со своите родители, може да дојде и на други начини. Доколку децата се психички и емоционално малтретирани од страна на родителите, тоа ја намалува нивната самодоверба и ги прави склони кон појава на психолошки потешкотии во детството и во раната адолесценција (Weber, 2001). Употребата на несоодветен родителски стил, исто така игра голема улога во намалување на самодовербата и со тоа и можност за појава и развитокот на депресија кај децата (Sander & McCarty, 2005).

Нивото на самодоверба, исто така, е поврзано и со квалитетот на физичкото здравје. Се смета дека луѓето со висока самодоверба се физички поздрави, за разлика од

луѓето со пониска самодоверба (Benyamini & Leventhal, 2004). Неколку од причините зошто тоа е така, е тоа што луѓето со повисока самодоверба уживаат во поголема поддршка од околината и имаат подобри алатки за справување со стрес и прилагодување во новонастанати ситуации. На овој начин тие доживуваат помалку стресни состојби, што пак придонесува до подобро физичко здравје. Здравите личности пак, се чувствуваат понезависни и поспособни да се грижат за семејството и да бидат општествено корисни, со што и се зголемува нивната самодоверба. Според некои истражувања, според нивото на самодоверба која личноста ја поседува, можеме да претпоставиме во каква здравствена состојба може една личност да се најде во иднина. На пример, ниската самодоверба во периодот на адолесценција може да предизвика нарушување на физичкото здравје на 26-годишна возраст (Trzesniewski et al., 2006).

Според досега напишаното, можеме да заклучиме дека големата самодоверба носи многу повеќе бенефити по физичкото и менталното здравје за една индивидуа, за разлика од ниската самодоверба која го намалува квалитетот на здравјето и животот на личноста. Меѓутоа, исто така и екстремно високата самодоверба може да има несакани последици по една личност. Високата самодоверба најчесто се граничи со вообразеноста, ароганцијата и во екстремни ситуации може да доведе и до нарцисистичко ментално растројство (Baumeister, Smart & Boden, 1996). Таканаречените „нарциси“ се сметаат себеси за грандиозни луѓе, кои се центар на светот, имаат константна потреба другите да им се воодушевуваат, се чувствуваат супериорно, единствено и посебно во однос на другите (Akhtar & Thompson, 1982). Тие често зборуваат за себеси и за својата големина, вредност и грандиозност, за нивните чудесни искуства и патувања, нивните премногу интересни проекти, огромен напредок и успеси во животот и колку тие се залагаат да им помогнат на другите луѓе (Rhodewalt & Peterson, 2009). Овој тип на луѓе најчесто имаат нереална проценка на ризикот во дадена ситуација, па неретко премногу позитивно гледаат на исходот. Како последица на тоа, често се впуштаат во ризични ситуации по нивното здравје, како на пример, користење на дрога, алкохол, цигари, незаштитени полови односи, итн. (Gerrard et al., 2001).

Дека високата самодоверба многу пати може да биде и контрапродуктивна, вели и фактот што високосамоуверените личности неретко знаат да ги погазат другите, со цел да

се издигнат себеси (Neff, 2011). Личностите со преголема самодоверба најчесто се полни со себе и од својата околина очекуваат само позитивни реакции. Доколку дојде до негативни реакции од луѓето во нивна околина, најчесто доаѓа и до внатрешни его конфликти (Baumeister, Smart, & Boden, 1996). Нарцисизмот знае да доведе и до агресија, додека нормалното ниво на самодоверба не го предизвикува истото, туку доведува до стабилна состојба кај личноста и чувство на сигурност. Луѓето со висока самодоверба не се гледаат себеси како супериорни во однос на другите, туку се прифаќаат и почитуваат себеси во најмала рака еднакви како и другите (Rosenberg, 1965). Нарцисоидните луѓе се зависни од вниманието, ласкањето и признанијата на околината и доколку таа ситуација се промени, самодовербата на нарцисоидните луѓе обично паѓа на пониско ниво. Па така, нивната самодоверба зависи од екстерни фактори и поради тоа е нестабилна. Според Петар Клајн, ваквото однесување е тесно поврзано со начинот на воспитување, односно со родителскиот стил кој го употребуваат родителите, а посебно мајките. Мајките кои се претерано строги спрема своите деца, употребуваат крута контрола и надзор над своите деца, кои пробуваат да направат сè наместо своите деца, најчесто го успоруваат процесот на осамостојување и иднивидуализирање на своите деца и го забавуваат процесот на сепарација (Kernberg, 1998). Тоа може да го отежни процесот на формирање на мислење и слика за себе и интеграција на различни, па и контрадикторни аспекти на претставата за себе, кои се клучни за формирањето и развојот на стабилен индентитет.

1.5 Релевантни истражувања

Постојат многубројни релевантни извори кои зборат за врската помеѓу стиловите на родителство и самодовербата кај децата. Најчесто резултатите од овие истражувања докажале цврста врска помеѓу овие две карактеристики, односно дека видот на родителски стил кој е употребуван од страна на еден родител, има силно влијание врз сликата на детето за себе, односно неговата верба во себеси и своите способности. Во едно истражување на Hosogi и неговите колеги, докажано е дека средината, во која децата раснат и се развиваат, игра голема улога во развитокот на здраво ниво на самодоверба (Hosogi et al., 2012). Уште едно истражување на истата тема, спроведено од DeHart и

неговите колеги, докажало дека родителските стилови имаат големо влијание врз самодовербата на децата (DeHart, Pelham & Tennen, 2006). Соодветниот родителски стил придонесува за правилен раст и развој на детето, како на пример, самопочит, преземање на одговорност, мотивираност за поставување на цели во животот и нивна реализација и способност за оформување на врски со другите луѓе (Ajilchi et al., 2013). Одредени истражувања во минатото ставиле акцент на тоа кој од четирите родителски стила има најпозитивно, а кој нанегативно влијание врз развојот на посакуваната самодоверба кај децата. Според едно истражување, спроведено во 2008 година од страна на Yang и Liang, користењето на родителски стилови преку кои се искажуваат грижа и поддршка кон децата, најмногу се зацврстува самодовербата на децата (Yang & Liang, 2008). Други истражувања, сепак, добиле различни резултати во однос на тоа кој родителски стил води кон највисока самодоверба кај децата. Според истражувањето на Martinez и Garcia, родителите кои употребувале пермисивен тип на родителство, имале деца со највисока самодоверба, додека родители кои се користеле со авторитарен и занемарувачки стил, имале деца кои котирале најниско на скалата на самодоверба (Martinez & Garcia, 2007).

Одредени истражувања во минатото се посветиле на специфични карактеристики кои еден родител ги поседува, кои може да доведат до зголемување на самодовербата. Поддршката од страна на родителот кон детето е клучна за висока самодоверба (Antonopoulou, Alexopoulos, & Maridaki-Kassotaki, 2012). Соодветно на тоа, децата кои имаат родители кои ги занемаруваат, односно поседуваат занемарувачки родителски стил, ќе имаат ниска самодоверба. Родителите кои покажуваат поддршка и грижа кон своите деца, односно кои користат авторитативен и пермисивен стил на родителство, имаат деца со цврста самодоверба, додека родителите кои се презаштитнички настроени према своите деца, односно кои се користат со авторитарен родителски стил, имаат негативно влијание врз самодовербата на своите деца (DeHart, Pelham, & Tennen, 2006). Емоционалната топлина на пермисивните и авторитативните родители е во позитивна корелација со висок степен на самодоверба кај децата. Родителите кои искажуваат лутина, отфрлање или недостаток на љубов спрема своите деца, се во негативна корелација со нивото на самодоверба (Yang & Zhou, 2008). Како и да е, низа истражувања спроведени во САД, со примерок на родители и деца Американци со европско потекло, докажале дека авторитативниот стил на родителство е стил кој носел најмногу бенефити за децата, како

за нивната самодоверба, така и за други аспекти од нивниот раст и развој (Gray & Steinberg, 1999). Родителите кои се карактеризираат со занемарувачки одлики, имаат деца кои имаат најниска самодоверба од сите четири типа на родителство. Децата на родителите со пермисивен и авторитарен пристап се некаде во средината на скалата на самодоверба, измеѓу децата на родителите со авторитативен и занемарувачки родителски стил (Shucksmith, Hendry, & Glendinning, 1995).

Освен стилот на родителство, исто така и успехот во училиштето, врсниците, социо-економскиот статус играат голема улога во формирање на самодовербата кај децата. Родителите со своите аспирации и очекувања од детето, интересот искажан спрема детето, вниманието кое му се посветува, помошта која му се дава, исто така играат улога во формирање на самодовербата. Според најновите истражувања, препорачливо е во родителството да се земат во обзир и следниве битни елементи: родителска топлина наместо непријателство, демократски начин наместо психолошка контрола, родителски мониторинг (следење) наместо казнување и индуктивно расудување наместо употреба на засрамување на детето (Chan et al., 2009). Како и да е, со цел преиспитување на резултатите од минатите истражувања на темата, потребно е да се направат дополнителни истражувања.

II МЕТОДОЛОШКИ ДЕЛ

2. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето се родителските стилови и нивното влијание врз самодовербата на децата на училишна возраст во Република Северна Македонија. Секој родител е различен кога станува збор за стилот на родителство кој го употребува врз своето дете. Меѓутоа, за полесно изучување на проблемот и подобра организација, родителските стилови се групирани во 4 главни типови на родителство, и тоа: авторитарен, авторитативен, пермисивен и занемарувачки. Со ова истражување сакам да утврдам како стиловите на воспитување кон децата придонесуваат кон развојот и задржувањето на здрава самодоверба и позитивна слика за себеси, која е многу потребна за здрав психофизички развој. Секое дете има потреба од љубов, внимание, топлина и пофални зборови, кои ќе му помогнат да си го оствари посакуваниот имиџ за себеси, со што ќе биде прифатено во својата околина и успешно ќе напредува во секоја сфера од својот живот. Па така, предметот на ова истражување е да се утврди точно кој родителски стил е најуспешен, кога станува збор за градење на цврста самодоверба кај детето, а кој помалку успешен. Со тоа ќе се помогне на родителите да обрнат повеќе внимание на алатките кои ги употребуваат во воспитниот процес и односот кој го градат кон своите деца, за да си ја остварат својата цел како родители, а тоа е среќни и задоволни деца.

2.1 Цели и карактер на истражувањето

Целта на ова истражување е да се дојде до научни сознанија за видовите на родителски стилови кои се најкорисни за градењето на самодовербата и позитивната слика на децата. Ова истражување е значајно не само за децата и родителите во нивниот заемен однос, туку ќе придонесе и во полето на психологијата како наука, со надеж дека ќе допре до соодветните институции кои се бават со грижа за психичкото здравје на членовите на едно семејство, како училиштата, семејни советувалишта, социјални центри итн. Истражувањето ќе има за цел предикција, односно да предвиди како самодовербата кај децата се менува врз база на видот на воспитен стил на родителот. За да дојдеме до

потребните резултати, истражувањето ќе се служи со корелациски метод, односно ќе се пресметува поврзаноста помеѓу самодовербата на детето и родителскиот стил.

2.2 Испитаници

Во истражувањето учествуваа вкупно 80 испитаници, од кои 20 се девојчиња на возраст од 10 до 14 години и 60 момчиња на возраст од 10 до 14 години. Примерокот на испитаници е избран по кластерски пат, од четири различни кошаркарски групи кои дејствуваат на територија на град Скопје, во кои учествуваат деца на училишна возраст од 5 до 9 одделение.

2.3 Хипотези

Општа хипотеза во ова истражување е:

1 - Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу родителските стилови и самодовербата на децата во периодот на адолесценција.

Посебни хипотези:

1 - Авторитативниот стил на родителство ја зголемува самодовербата на децата.

2 - Занемарувачкиот стил на родителство ја намалува самодовербата на децата.

3 - Авторитарниот стил на родителство ја намалува самодовербата кај децата, а пермисивниот стил ја зголемува самодовербата кај децата.

4 - Мајките се поавторитативно настроени кон своите деца, за разлика од татковците.

2.4 Варијабли

Во ова истражување, за докажување на општата хипотеза која гласи: „Родителските стилови влијаат врз самодовербата на децата“, ќе се испитуваат двете основни варијабли: родителски стилови и самодовербата кај децата. Варијаблата „родителски стилови“ е независна варијабла, додека пак „самодовербата“ е зависна варијабла. Овие две варијабли се квантитативни, односно нумерички се опишани. Во однос на втората хипотеза: „Децата на авторитативните родители имаат највисока самодоверба“, ќе се испитуваат варијаблите: самодовербата на децата со авторитарни родители и самодовербата на децата со неавторитарни родители. Во однос на третата хипотеза: „Децата на родителите со занемарувачки стил на родителство имаат најнизок степен на самодоверба“, ќе се испитуваат варијаблите: самодовербата на децата со занмарувачки родители, наспроти самодовербата на децата со незанемарувачки родители. Со четвртата хипотеза: „Децата на родителите со авторитарен родителски стил имаат понизок степен на самодоверба од децата на родителите со пермисивен стил на родителство“, ќе се испитуваат варијаблите: самодовербата кај децата со пермисивни родители и самодовербата кај децата со авторитарни родители. Варијаблите во петата хипотеза, која гласи: „Мајките се поавторитативно настроени кон своите деца, за разлика од татковците,“ се авторитативноста кај мајките и авторитативноста кај татковците. Релевантни варијабли кои можат да се јават се: способноста на децата да ги разберат прашањата во целост, ограниченост со време од 15 минути кое придонесува до анксиозност и притисок кај испитаниците и различно ниво на мотивираност.

2.5 Методи, техники и инструменти

Методот на истражување е неекспериментален, корелациски метод, со чија помош ќе се утврди поврзаноста помеѓу двете споменати варијабли: стилот на родителство и самодовербата кај детето. Техника која ќе биде употребена за да се дојде до потребните резултати е анкетирање, со помош на анкетни листови, односно прашалници. Ќе бидат употребени два прашалника, еден за мерење на родителските стилови, а другиот за

мерење на самодовербата. Скалите за мерење се дескриптивни. И двете скали се стандардизирани, релијабилни и оригинални.

ВС скалата е наменета за испитување на воспитните стилови на родителите и нивните постапки во процесот на социјализација на децата. Овој прашалник ќе овозможи да се утврди кој родителски стил е најзастапен во односот родител - дете. Прашалникот е составен од 4 супскали и вкупно 44 прашања, кои содржат описи на четирите воспитни стилови: авторитарен (ограничувачки), авторитативен (топол), пермисивен (попуслив) и занемарувачки (ладен). За секое од прашањата има 5 понудени одговори: *воопшто не се согласувам, воглавно не се согласувам, неодлучен сум, воглавно се согласувам* и *потполно се согласувам*. Застапеноста на одреден родителски стил се пресметува така што се собираат скоровите на поединечните супскали. За секое од прашањата, испитаникот одговара посебно за мајката и посебно за таткото. Прашањата ги одговараат децата, затоа што за пообјективна проценка на видот на родителство побитно е како детето ги доживува своите родители, отколку како родителите се доживуваат себеси.

Вториот прашалник исто така ќе го пополнуваат децата за да се утврди нивото на нивната самодоверба. Вториот прашалник е Розенбергова скала на самодоверба и се состои од десет прашања. Скалата е еднодимензионална и дескриптивна, односно понудените одговори се состојат од 4 опции, и тоа од *потполно се согласувам* (4 поени), *се согласувам* (3 поени)*, не се согласувам* (2 поени) и *воопшто не се согласувам* (1 поен). Скоровите се собираат и поголемите скорови значат поголем степен на самодоверба. Розенберговата скала на самодоверба ќе помогне да го утврдам степенот на самодоверба кај детето, што може да се јави како последица на соодветниот воспитен стил на неговите родители. Податоците кои ќе се соберат од овие две скали ќе помогнат во докажување на општата хипотеза, која има за цел да испита дали родителските стилови имаат влијание врз самодовербата, и на посебните хипотези, кои ги испитуваат специфичните родителски стилови и како тие влијаат врз самодовербата на децата, испитуваат дали мајките и татковците користат различни стилови на родителство, односно дали полот на детето влијае врз тоа кој родителски стил ќе го употреби родителот.

2.6 Организација и спроведување на истражувањето

Истражувањето се спроведе врз испитаници - членови на четири различни кошаркарски екипи, кои одржуваа тренинг во три основни училишта (ООУ „Ацо Шопов“, ООУ „Киро Глигоров“ и ООУ „Лазо Ангеловски“) и едно средно училиште (ЕМУЦ) на територија на град Скопје. По завршување на тренингот, на испитаниците им беа зададени инструкции за пополнување на анкетните листови во хартиена форма и тие имаа 20 минути да ги пополнат истите. Бидејќи испитаниците се малолетни лица, родителите беа детално информирани и потпишаа барање за согласност за учество на нивните деца во истражувањето, во писмена форма, согласно етичките принципи.


2.7 Анализа и интерпретација на податоците

Податоците беа обработени со помош на статистичката програма SPSS.

Дескриптивна статистика

Табела 2: Пол на испитаниците


		Value	Count	Percent
Standard Attributes	Label	<none>		
Valid Values	1,00	м	60	75,0%
	2,00	ж	20	25,0%



Графикон 1: Пол на испитаниците

Табела 3: Возраст на испитаниците

		Value	Count	Percent
Standard Attributes	Label	<none>		
Valid Values	10,00		2	2,5%
	11,00		8	10,0%
	12,00		17	21,3%
	13,00		19	23,7%
	14,00		34	42,5%



Графикон 2: Возраст на испитаниците

Табела 4: Дескриптивна статистика (пол и возраст)

	N	Minimum	Maximum	Mean	Std. Deviation	Skewness		Kurtosis	
	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Statistic	Std. Error	Statistic	Std. Error
возраст	80	10,00	14,00	12,9375	1,12895	(,741)	,269	(,443)	,532
пол	80	1,00	2,00	1,2500	,43574	1,177	,269	(,631)	,532
Valid N (listwise)	80								

Од дадените табели 1, 2, 3, може да се заклучи дека во истражувањето учествувале вкупно 80 испитаници, и тоа, 60 испитаници се од машки пол, 20 испитаници од женски пол, со аритметичка средина 1,250 и стандардна девијација 0,435. Во однос на возраста, 2 испитаника се на возраст од 10 години, 8 испитаника се на возраст од 11 години, 17 испитаници се на возраст од 12 години, 19 испитаници се на возраст од 13 години и 34 испитаници се на возраст од 14 години. Аритметичката средина на испитаниците на возраст од 10 до 14 години изнесува 12,937, а стандардната девијација 1,128. Вредноста на Skewness и Kurtosisни укажуваат на присуство на симетрична дистрибуција на податоци.

Хипотези:

1 - Присутна е статистички значајна поврзаност помеѓу родителските стилови и самодовербата на децата на училишна возраст.

Табела 5: Поврзаност помеѓу родителските стилови и самодовербата кај децата

		т.авторитативен	м.авторитативен	т.авторитарен	м.авторитарен	т.попустлив	м.попустлив
самодоверба	Pearson Correlation	**,263***	**,272***	(,087)	(,138)	(,193)	**(,316)****
	Sig. (2-tailed)	,020	,015	,447	,223	,091	,004
	N	78	80	78	80	78	80

Поврзаноста помеѓу родителските стилови и самодовербата кај децата на училишна возраст беше тестирана со примена на Пирсоновиот коефициент на корелација. Од табела 5 може да се види дека е присутна средна позитивна корелација помеѓу самодовербата и попустливоста на мајката со r = .316; n = 80; p<0,01; присутна е ниска позитивна корелација помеѓу самодовербата и авторитативниот стил на таткото со r = .263; n = 78; p<0,05 и авторитативниот стил на мајката r = .272; n = 80; p<0,05. Со тоа се потврдува првата хопотеза и може да се заклучи дека родителскиот воспитен стил на мајката и таткото, перцепиран од страна на детето, влијае врз самодовербата кај децата во периодот на „средно детство“.

2 - Присутна е статистичка значајна поврзаност помеѓу авторитативниот стил на однесување на родителите и самодовербата кај децата од женски пол.

Табела 6: Авторитативниот стил на однесување на родителите и самодовербата кај децата од женски пол

пол			самодоверба	т.авторитативен	м.авторитативен
м	самодоверба	Pearson Correlation	1	,086	,127
		Sig. (2-tailed)		,520	,333
		N	60	58	60
ж	самодоверба	Pearson Correlation	1	**,595****	**,576****
		Sig. (2-tailed)		,006	,008
		N	20	20	20

Од табела 6 може да се види дека авторитативниот стил на воспитување на мајката и на таткото значајно корелира со самодовербата кај испитаниците од женска популација и тоа r = .595;n = 20; p<0,01 кај авторитативниот воспитен стил на таткото и r = .576; n = 20; p<0,01 кај авторитативниот воспитен стил на мајката. Со тоа се потврдува и втората хипотеза дека авторитативниот стил на родителите влијае врз самодовербата на женската група на испитаници. Исто така, од добиените резултати можеме да заклучиме и дека авторитативниот стил на родителство ја јакне самодовербата кај децата.

3 - Авторитарниот стил на родителство ја намалува самодовербата кај децата, а пермисивниот стил ја зголемува самодовербата кај децата.

Табела 7: Самодоверба кај децата со примена на авторитативен на родителство

		самодоверба	т.авторитарен	м.авторитарен
самодоверба	Pearson Correlation	1	(,087)	(,138)
	Sig. (2-tailed)		,447	,223
	N	80	78	80
т.авторитарен	Pearson Correlation	(,087)	1	,856**
	Sig. (2-tailed)	,447		,000
	N	78	78	78
м.авторитарен	Pearson Correlation	(,138)	,856**	1
	Sig. (2-tailed)	,223	,000	
	N	80	78	80

Табела. 8: Самодоверба кај децата со примена на пермисивен стил на родителство

		самодоверба	т.попустлив	м.попустлив
самодоверба	Pearson Correlation	1	,210	,065
	Sig. (2-tailed)		,065	,568
	N	80	78	80
т.попустлив	Pearson Correlation	,210	1	,825**
	Sig. (2-tailed)	,065		,000
	N	78	78	78
м.попустлив	Pearson Correlation	,065	,825**	1
	Sig. (2-tailed)	,568	,000	

N	80	78	80

Не е присутна корелација помеѓу авторитарниот стил на воспитување и попустливиот стил на воспитување со самодовербата кај испитуваната група. Тоа ни укажува на податокот дека авторитарниот и попустливиот стил на мајката и на таткото не придонесува за зацврснување, односно намалување на самодовербата кај испитуваната група на ученици.

4 - Самодовербата кај адолесцентите значајно корелира со занемарувачкиот стил на воспитување на родителите.

Табела 9: Ниво на самодоверба кај децата со занемарувачки стил на воспитување на родителите

пол			т.занемарувачки	м.занемарувачки
м	самодоверба	Pearson Correlation	(,111)	**(,289)***
		Sig. (2-tailed)	,408	,025
		N	58	60
		N	58	60
ж	самодоверба	Pearson Correlation	(,432)	**(,469)***
		Sig. (2-tailed)	,057	,037
		N	20	20
		N	20	20

Од табелата може да се види дека е присутна статистички значајна корелација помеѓу варијаблите самодоверба и занемарувачкиот стил на воспитување на родителите кај машките испитаници r = .289; n = 60; p<0,05 и женските испитаници r = .469; n = 20;

p<0,05. Со тоа ни се потврдува и третата хипотеза, дека занемарувачкиот стил на родителите значајно влијае врз самодовербата кај машката и женската група на испитаници. Исто така, од резултатите можеме да заклучиме и дека занемарувачкиот стил на родителство ја намалува самодовербата.

5 - Мајките се поавторитативно настроени од татковците.

Табела 10: Авторитативен стил на родителство на мајката и таткото

		м.авторитарен	т.авторитарен
м.авторитарен	Pearson Correlation	1	**,856****
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	80	78

Од табелата може јасно да се види дека е присутна висока статистички значајна корелација во однос на авторитативниот стил на мајката и на таткото r = .856; n = 78; p<0,01, што ни покажува дека авторитативната настроеност е подеднаква и кај двајцата родители, со што четвртата хипотеза не се потврди.

III АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

3. Дискусија

Целта на истражувањето беше да се испита дали родителските стилови влијаат врз самодовербата на децата. Исто така, се испита и ефективноста на родителските стилови, односно кој родителски стил помага при зацврснување на самодовербата кај децата, а кој стил ја намалува истата. Резултатите покажаа дека постои средна позитивна корелација помеѓу попустливиот стил на мајката ($r= .316$, $p<0.01$) и ниска позитивна корелација помеѓу самодовербата кај детето со авторитативниот стил на таткото ($r= .263$, $p<0.05$) и со авторитативниот стил на мајката ($r= .272$, $p<0.05$). Со ова се докажа дека родителите со својот начин на воспитување на своите деца можат да влијаат врз сликата на детето за себеси и врз вербата во себе и своите способности. Во однос на ефективноста на родителските стилови, поединечно беа испитувани сите родителски стилови. Па така, се докажа дека авторитативниот и занемарувачкиот родителски стил корелираат со нивото на самодоверба кај децата, додека пак, авторитарниот и попустливиот стил покажаа отсуство на корелација помеѓу двете варијабли, односно овие два стила не придонесуваат за зацврснување/ намалување на нивото на самодоверба кај децата на училишна возраст. Авторитативниот стил на родителство на таткото ($r= .595$, $p<0.01$) и авторитативниот стил на мајката ($r= .576$, $p<0.01$) влијаат врз самодовербата кај испитаниците, со тоа што овој стил ја зајакнува самодовербата. Овој резултат ни помага да заклучиме дека за цврста и здрава самодоверба кај децата, потребно е родителите да имаат топол и грижлив однос и да воспостават емоционална блискост и здрава приврзаност. Исто така, битно е родителите да бидат посветени на своите деца, односно да бидат достапни за нив во кое било време и да се одзиваат на нивните барања и потреби. Начинот на воспитување исклучува преголема строгост и употреба на казни, а вклучува употреба на отворена двонасочна комуникација, каде што родителот ќе му ги укаже на детето причините и последиците од одредено однесување. Изоставувањето на казни како дисциплинска мерка не значи дека не треба да им бидат поставени јасни граници на однесување на децата. Напротив, родителите треба да им постават правила на однесување, но акцент се става на заедничко анализирање и рационализирање. Тие треба да ги сослушуваат своите деца, да ги уважуваат и почитуваат нивните ставови и мислења и да ги вклучуваат во решавањето

на семејните проблеми соодветни за нивната возраст. На овој начин, децата ќе се чувствуваат компетентно, важно и прифатено во семејството. Тоа ќе им овозможи и подобра адаптација во нови средини, меѓу нови луѓе. Со цел родителите да им помогнат на своите деца да ја зацврснат својата самодоверба, според резултатите од истражувањето, тие треба исто така и да ги користат проблемите и одредено проблематично однесување на детето како шанса да ги зајакнат односите и комуникацијата со своите деца на повисоко ниво, создавајќи похармонична и пријатна атмосфера. Родителите треба да им дозволат и одредена автономност и слободен простор на своите деца, каде што тие ќе можат да се искажат себеси слободно и без страв.

Според резултатите од истражувањето, присутна е корелација помеѓу самодовербата кај децата и занемарувачкиот стил на родителство кај испитаниците од двата пола (машки пол $r= .289$, $p<0.05$; женски пол $r= .469$, $p<0.05$). Резултатот докажува дека занемарувачкиот стил на родителство ја намалува самодовербата кај децата. Ова значи дека родителите кои ги занемаруваат своите деца, кои не се инволвирани во нивните животи и ретко или никогаш не се одзиваат на потребите на своите деца, не им помагаат на своите деца да изградат здрава и позитивна слика за себеси и верба во себе, кои играат голема улога во натамошниот раст, развој и добро психофизичко здравје. Овој тип на родители слабо покажуваат интерес за животите на своите деца, училишните, спортски активности и друго. Тие најчесто се емоционално недостапни за своите деца, дистанцирани и ретко им нудат грижа, поддршка и родителско насочување на децата. Неретко знаат финансиски да ги поддржуваат своите деца, но тие не можат да уживаат во родителското присуство, емотивна топлина и приврзаност. Сето ова придонесува за ослабување на врската родител - дете, која е клучен фактор кој придонесува за ослабување на самодовербата кај детето и оформување на негативна слика за себеси и своите можности. Со тоа, се создава голем потенцијал за нарушување на здравиот раст и развој на детето, нарушено психолошко функционирање, ризик за влегување во разни банди и лоши друштва, потешкотии во формирање на врски со други луѓе, итн. Исто така, со ова истражување беше испитувана и авторитативноста кај мајката и таткото. Согласно резулатите, се докажа дека не постои разлика помеѓу авторитативноста на мајката и авторитативноста на таткото. Тие се подеднакво авторитативни спрема своите деца.

ЗАКЛУЧОК

Да се биде родител значи да се игра главната улога во животот на своите деца сè до нивното осамостојување како возрасни индивидуи. Одговорноста која родителите ја имаат е голема, па така и начинот на интеракција со нивните деца е клучен по растот и развојот на децата и нивната добробит. Секој родител, повеќе или помалку, спаѓа во четирите главни категории на родителски стилови: авторитарен, авторитативен, пермисивен и заменарувачки. Авторитарниот родителски стил се одликува со поставување на високи норми и правила, но низок степен на одзваност према потребите на своите деца и емоционална топлина. Авторитативните родители пак, котираат високо на скалата на емоционална топлина, поддршка и разбирање кон своите деца, иако и тие неретко бараат од своите деца строго почитување на правилата на однесување. Пермисивните родители, пак, иако се емотивно достапни за своите деца и секогаш се спремни да одговорат на потребите и желбите на своите деца, сепак не им поставуваат јасни и строги граници и правила на однесување. Занемарувачките родители се карактеризираат со слаба заинтересираност и инволвираност во животот на своите деца. Истражувањето беше спроведено со цел да се утврди дали овие родителски стилови се во корелација со самодовербата кај децата на училишна возраст во Република Северна Македонија. Резултатите покажаа дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу двете варијабли, односно дека родителските стилови влијаат врз самодовербата на децата. Авторитативниот родителски стил ја зголемува и зацврснува самодовербата кај децата, додека пак занемарувачкиот ја намалува. Не беше утврдена корелација помеѓу останатите два родителски стила (авторитарен и пермисивен) со самодовербата кај децата. Ова укажува на фактот дека за децата да веруваат во себе и во своите способности, мора да имаат родители кои ќе им се посветат ним и на нивните потреби, ќе бидат инволвирани активно во нивниот живот и кои ќе може да уживаат во стабилна и цврста емотивна поврзаност.

КОРИСЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Abdel-Khalek, A.M. (2016) Introduction to the Psychology of Self-Esteem. In Holloway, F.(Editor), Self-Esteem Perspectives, Influences and Impoverment. New York: Nova Science Publishers Inc.

2. Abraham, M. M., & Kerns, K.A. (2013) Positive and negative emotions and coping as mediators of the link between mother-child attachment and peer relationships. *Merrill-Palmer Quarterly, 59,* 399 - 425.

3. Achi, J.N. & Eremie, M.D. (2019) Parenting Styles and Self-Esteem of Junior Secondary School Students in Rivers State. *International Academy Journal of Administration, Education and Society, 6*(1), 27-42.

4. Agroskin, D., Klackl, J., & Jonas, E. (2014) The Self-Liking Brain: A VBM Study on the Structural Substrate of Self-Esteem. *PLoS ONE, 9*(1), e86430. https://doi.org/10.1371/journal.pone.0086430.

5. Ajilchi, B., Kargar, F.R., Ghoreishi, M.K. (2013) Relationship of the Parenting Styles of Overstressed Mothers with the Anxiety of Their Children. *Proedia-Social and Behavioral Sciences, 82*, 520-524.

6. Akhtar, S., & Thomson, J. (1982) Overview: narcissistic personality disorder. *The American journal of psychiatry, 139 1*, 12-20.

7. Alic, A. (2008) Roditeljski Stilovi. Prezemeno od https://www.islamskazajednica.ba/images/stories/TAKVIM/TAKVIM%202009/RODITELJSKI%20STILOVI.pdf.

8. Alicke, M.D., & Sedikides, C.(2009) Self-Enhancement and Self-Protection: What they are and What They Do. *European Review of Social Psychology, 20(1),* 1-48. https://doi.org/10.1080/10463280802613866.

9. Allen, K.E., & Marotz, L.R. (2003) Developmental Profiles: Pre-birth through Twelve (4th edition). New York: Thomson/Delmar Learning.

10. Ammaniti, M., van IJzendoorn, M. H., Speranza, A. M., & Tambelli, R. (2000) Internal working models of attachment during late childhood and early adolescence: An exploration of stability and change. *Attachment and Human Development, 2*, 328–346.

11. Anthony, D. B., Holmes, J. G., & Wood, J. V. (2007) Social acceptance and self-esteem: Tuning the sociometer to interpersonal value. *Journal of Personality and Social Psychology*, *92*(6), 1024–1039. https://doi.org/10.1037/0022-3514.92.6.1024.

12. Antonopoulou, K., Alexopoulos, D.A., Maridaki-Kassotaki, K. (2012) Perceptions of Father Parenting Style, Empathy, and Self-Esteem Among Greek Preadolescents. *Marriage and Family Review, 48* (3), 293-309.

13. Baumeister, R. F. (1993) Understanding the inner nature of low self-esteem: Uncertain, fragile, protective, and conflicted. In R. F. Baumeister (Ed.), Self-esteem: The puzzle of low self-regard (pp. 201-218). New York: Plenum.

14. Baumeister, R.F., Smart, L., & Boden, J.M. (1996) Relation of Threatened Egoism to Violence and Aggression: The Dark Side of High Self-Esteem. *Psychological Review, 103* (1), 5-33.

15. Baumeister, R. F., Campbell, J. D., Krueger, J. I., & Vohs, K. D. (2003) Does High Self-Esteem Cause Better Performance, Interpersonal Success, Hapiness, or Healthier Lifestyles?. Psychological Science in the Public Internet, 4(1). Doi: https://doi.org/10.1111%2F1529-1006.01431.

16. Bengtson, V. L., & Allen, K. (1993) The life course perspective applied to families over time. In P. Boss, W. Doherty, R. La Rosa, W. Schumm, & S. Steinmetz (Eds.), Sourcebook of family theories and methods: A contextual approach (pp. 469 –504). New York, NY: Kluwer Academic/ Plenum Press.

17. Benyamini, Y., & Leventhal, H. (2004) Self-Rated Oral Health as an Independent Predictor of Self-Rated General Health, Self-Esteem and Life Satisfaction. *Social Science & Medicine , 59* (5), 1109-1116.

18. Berger, K. S. (2008) The developing person throught the life span (7th ed.). Worth. ISBN 9780716760801.
19. Berger, K. S. (2014). *Invitation to the Life Span, Second Edition*. New York: Worth Publishers.
20. Besser, A., & Priel, B. (2005) The apple does not fall far from the tree: attachment styles and personality vulnerabilities to depression in three generations of women. *Pers Soc Psychol Bull, 31*(8), 1052-1073.

21. Bjornberg, U. (1992) *European Parents in the 1990s; Contradictions and Comparisons*. New Brunswick: Transaction Publishers.

22. Bohlin, G., Hagekull, B., & Rydell, A. (2000) Attachment and social functioning: A longitudinal study from infancy to middle childhood. *Social Development, 9*, 24–39.

23. Borelli, J. L., David, D. H., Crowley, M. J., & Mayes, L. C. (2010) Links between disorganized attachment classification and clinical symptoms in school-aged children. *Journal Of Child And Family Studies, 19(3)*, 243-256.

24. Bornstein L, Bornstein MH. Parenting styles and child social development. In: Tremblay RE, Barr RG, Peters RDeV, eds. Encyclopedia on Early Childhood Development [online]. Montreal, Quebec: Centre of Excellence for Early Childhood Development; 2007:1-4. Available at: http://www.childencyclopedia.com/documents/BornsteinANGxp.pdf. Accessed March, 28. 2021.

25. Bosmans, G., Braet, C., Koster, E., & De Raedt, R. (2009) Attachment security and attentional breadth toward the attachment figure in middle childhood. *Journal Of Clinical Child And Adolescent Psychology, 38(6*), 872-882.

26. Brumariu, L. E., Kerns, K. A., & Seibert, A. C. (2012) Mother-child attachment, emotion regulation, and anxiety symptoms in middle childhood. *Personal Relationships, 19*, 569 - 585.

27. Campbell, J. D., & Lavallee, L. F. (1993) Who am I? The role of self-concept confusion in understanding the behavior of people with low self-esteem. In R. F. Baumeister (Ed.), Self-esteem: The puzzle of low self-regard (pp. 3–20). New York: Plenum Press.

28. Cassidy, J. & Shaver, P. R. (2016) Handbook of Attachment : Theory, Research, and Clinical Applications (third edition). New York: Guilford Press.

29. Chan, S. M., Bowes, J. M., & Wyver, S. (2009) Chinese Parentinh in Hong Kong: Links Among Goals, Beliefs, and Styles. *Early Child Development and Care, 179* (7), 849-862.

30. Cherry, K. (2020) The 4 Stages of Cognitive Development- Background and Key Concepts of Piagets Theory. Verywellmind. Преземено на 06.04.2021 https://www.verywellmind.com/piagets-stages-of-cognitive-development-2795457.

31. Chua, A. (2011) *Battle Hymn of the Tiger Mother*. Pinguin Group.

32. Clark, S. E., & Symons, D. K. (2009) Representations of attachment relationships, the self, and significant others in middle childhood. *Journal Of The Canadian Academy Of Child And Adolescent Psychiatry, 18(4),* 316-321.

33. Coopersmith, S. (1967) The Antecedents of Self-esteem. San Francisco: Freeman WH.

34. Corey, G. (1985) Theory of Practice and Psychotherapy. Maryland: Brooks Publishing.

35. Cummings, E., George, M. W., Koss, K. J., & Davies, P. T. (2013) Parental depressive symptoms and adolescent adjustment: Responses to children's distress and representations of attachment as explanatory mechanisms. *Parenting: Science And Practice, 13(4*), 213-232.

36. Darling, N., & Steinberg, L. (1993) Parenting Style as Context: An Integrative Model. *Psychological Bulletin, 113*(3), 487-496.

37. Davies, P. T., & Windle, M. (1997) Gender-Specific Pathways Between Maternal Depressive Symptoms, Family Discord, and Adolescent Adjustment. *Developmental Psychology, 33* (4), 657-668.

38. De Hart, T., Pelham, B. W., & Tennen, H. (2006) What lies beneath: Parenting style and implicit self-esteem. *Journal of Experimental Social Psychology, 42*(1), 1–17.

39. Del Giudice, M. (2014) Middle Childhood: An Evolutionary-Development Synthesis. *Child Development Perspectives, 8*, 95-105.

40. DeLongis, A., Folkman, S., & Lazarus, R.S. (1988) The Impact of Daliy Stress on Health & Mood Psychological and Social Resources as Mediators. *Journal of Personality and Social Psychology, 54* (3), 486-495.

41. Denissen, J. A., Penke, L., Schmitt, D., & Van Aken, M. A. G. (2008). Self-Esteem Reactions to Social Interactions: Evidence for Sociometer Mechanisms Across Days, People, and Nations. *Journal of Personality and Social Psychology, 95(1),* 181-196.

42. Diener, M. L., Isabella, R. A., Behunin, M. G., & Wong, M. S. (2008) Attachment to mothers and fathers during middle childhood: Associations with child gender, grade, and competence. *Social Development, 17(1),* 84-101.

43. Di Paula, A., & Campbell, J. D. (2002) Self-Esteem and Persistance in the Face of Failure. *Journal of Personality and Social Psychology, 83* (3), 711-724.

44. Dubois-Comtois, K., Cyr, C., & Moss, E. (2011) Attachment behavior and mother-child conversations as predictors of attachment representations in middle childhood: A longitudinal study. *Attachment and Human Development, 13,* 335 – 357.

45. Dujardin, A., Bosmans, G., Braet, C., & Goossens, L. (in press). Attachment-related Expectations and Mother-referent Memory Bias in Middle Childhood. Scandinavian Journal of Psychology.

46. Dutta, S. (2019) Hippocampus Functions. News Medical Lifes Sciences. Преземено на 05.04.2021 https://www.news-medical.net/health/Hippocampus-Functions.aspx.

47. Dutta, S., Adkins, J. M., Jasnow, A. M., Fouty, J. L., Latsko, M. S. Ortiz, S. (2019) Anterior Cingulate Cortex and Ventral Hippocampal Inputs to the Basolateral Amygdala Selectively Control Generalized Fear. Jneurosci. https://doi.org/10.1523/JNEUROSCI.0810-19.2019.

48. Eccles, J. S. (1996). The Development of Children Ages 6 to 14. *The Future of Children, 9*(2), 30-41.

49. Eisenberger, N. I., Mastera, S. L., Inagakia, T. K, Taylor, S. E., Shirinyan, D., Lieberman, M.D, & Naliboff, B.D. (2011) Attachment figures activate a safety signal-related neural region

and reduce pain experience. *Proceedings of the National Academy of Sciences, 108 (28),* 11721–11726.

50. Franco, N., & Levitt, M. J. (1998) The Social Ecology of Middle Childhood: Family Support, Friendship Quality, and Self-Esteem. *Family Relations, 47,* 315-321.

51. Garber, J., Cole, D. A. Intergenerational transmission of depression: a launch and grow model of change across adolescence. *Dev Psychopathol, 22*(4), 819-30.

52. Garcia, A. & T.de Guzman, M. R. (2017) Parenting Styles, Gender Differences in. Sage Publications, 1276-1278. http://dx.doi.org/10.4135/9781483384269.n.

53. Gendolla, G. H. E., Tops, M., & Koole, S. L. (2015) Biological Aspects of Self-Esteem and Stress (Chapter in Handbook of Behavioral Approaches to Self- Regulation). New York: Springer.

54. Gerrard, M., Gibbons, F., Rusell, D. W., Reis-Bergan, M. (2001) Self-Esteem, Self-Serving Cognitions, and Health Risk Behavior. *Journal of Personality, 68* (6), 1177-1201.

55. Gibb, B. E., Benas, J. S., Grassia, M., & McGeary, J. (2009) Children's Attentional Biases and 5-HTTLPR Genotype: Potential Mechanisms Linking Mother and Child Depression.

56. Gilbertson, M. W., Shenton, M. E., Ciszewski, A., Kasai, K., Lasko, N. B., Orr, S. P. & Pitman, R.K. (2002) Smaller Hippocampal Volume Predicts Pathologic Vulnerability to Psychological Trauma. *Nat Neurosci, 5,* 1242–1247.

57. Goossens, L., Braet, C., Bosmans, G., & Decaluwé, V. (2011) Loss of control over eating in pre-adolescent youth: The role of attachment and self-esteem. *Eating Behaviors, 12(4),* 289-295.

58. Goossens, L., Braet, C., Van Durme, K., Decaluwé, V., & Bosmans, G. (2012) The parent–child relationship as predictor of eating pathology and weight gain in preadolescents. *Journal Of Clinical Child And Adolescent Psychology, 41(4),* 445-457.

59. Gray, M., & Steinberg, L. (1999) Unpacking authoritative parenting: Reassessing a multidimensional construct. *Journal of Marriage and the Family, 61,* 574-587.

60. Green, J., Stanley, C., & Petrs, S. (2007) Disorganized attachment representation and atypical parenting in young school age children with externalizing disorder. *Attachment and Human Development, 9,* 207 – 222.

61. Greenberg, J., Solomon, S. and Pyszczynski, T. (1997) Terror management theory of self-esteem and cultural worldviews: Empirical assessments and conceptual refinements. In M.P. Zanna (Ed.), Advances in experimental social psychology (pp. 61-139). New York: Academic Press.

62. Grossmann K., Grossmann, K. E., & Kindler, H. (2005) Eraly care and the roots of attachment and partnership representations. In K.E. Grossmann, K. Grossman, & E. Waters (Eds.), Attachment from infancy to adulthood (pp. 98 – 136). N.Y.: Guilford.

63. Gruenentelder-Steiger, A., Allemand, M., Fend, H. (2015) Testing the Vulnerability and Scar Models of Self-Esteem and Depressive Symptoms From Adolescence to Middle Adulthood and Across Generations. *Developmental Psychology, 51* (2), 236-247.

64. Ha, Y. J. (2006) The relationship among self-esteem, internal locus of control, and psychological well-being. Unpublished Master Dissertation, Yonsei University, South Korea.

65. Hammen, C., Shih, J. H., Brennan, P. A. (2004) Intergenerational Transmission of Depression: Test of an Interpersonal Stress Model in a Community Sample. *Journal of Consulting and Clinical Psychology, 72* (3), 511-522.

66. Hanson, J. L., Chandra, A., Wolfe, B. L., Pollak, S. D. (2011) Association between Income and the Hippocampus. *PLoS ONE, 6*(5): e18712. doi:10.1371/ journal.pone.0018712.

67. Heath, H. (2006) Parenting: A Relationship-Oriented and Competency-Based Process. *Child Welfare: Journal of Policy, Practice, and Program, 85*(5), 749–766.

68. Hoeve, M., Blokland, A., Dubas, J. S., Rolf, L., Gerris, J. R, M. & Van Der Laan, P.H. (2008) Trajectories of Delinquency and Parenting Styles. *Journal of Abnormal Child Psychology, 36,* 223–235.

69. Hosogi, M., Okada, A., Fujii, C., Noguchi, K., & Watanabe, K. (2012) Importance and Usefulness of Evaluating Self-Esteem in Children. *Biopsychosocial Medicine, 6(*9), 1-6.

70. Hussain, A., Khalid, S., Zer Naz, S., Meikail, M., Ullah, A., & Andleeb. (2020, May/June). Impact of Authoritative Parenting Style on Self-Esteem among Primary School Students. *Journal of Science, Computing and Engineering Research, 1*(2), 25-30. https://doi.org/10.46379/jscer.2020.010201.

71. Iwundu, C. O. (2003) Psychology for the education and health professions. Port-Harcourt: Caplla Publishers Nig. Ltd.

72. James, W. (1890) *The principles of psychology*. New York: Holt.

73. Joiner, T. E., Alfano, M. S., Matalsky, G. I. (1992) When Depression Breeds Contempt: Reassurance Seeking, Self-Esteem, and Rejection of Depressed College Students by Their Roomates. *Journal of Abnormal Psychology, 101* (1), 105-173.

74. Karavasilis, L., Doyle, A. B., & Markiewicz, D. (2003) Associations between parenting style and attachment to mother in middle childhood and adolescence. *International Journal of Behavioral Development, 27*, 153–164.

75. Kernberg, O. F. (1998) *Pathological narcissism and narcissistic personality disorder: Theoretical background and diagnostic classification.* In E. F. Ronningstam (Ed.), *Disorders of narcissism: Diagnostic, clinical, and empirical implications* (p. 29–51). American Psychiatric Association.

76. Kerns, K. A., Tomich, P. L., Aspelmeier, J. E., & Contreras, J. M. (2000) Attachment-based assessments of parent–child relationships in middle childhood. *Developmental Psychology, 36*, 614–626.

77. Kerns, K. A., Tomich, P. L., & Kim, P. (2006) Normative Trends in Children's Perceptions of Availability and Utilization of Attachment Figures in Middle Childhood. *Social Development, 15*(1), 1–22. https://doi.org/10.1111/j.1467-9507.2006.00327.x.

78. Kerns, K. A., Siener, S., & Brumariu, L. E. (2011b) Mother-child relationships, family context, and child characteristics as predictors of anxiety symptoms in middle childhood. *Development and Psychopathology, 23,* 593-604.

79. Kokenes, B. (1974) Grade level differences in factor of self-esteem. *Developmental Psychology, 10,* 954-958.

80. Kubarych, T. S., Prom-Wormley, E. C., Franz, C. E., Panizzon, M. S., Dale, A. M., Fischl, B., Eyler, L. T., Fennema-Notestine, C., Grant, M. D., Kremen, W. S. (2012) A multivariate twin study of hippocampal volume, self-esteem and well-being in middle-aged men. *Genes, Brain Behav,* **11,** 539– 544.

81. Kunkel, A. D., Hummert, M. Z., Dennis, M. R. (2005) Social Learning Theory: Modeling and Communication in the Family Context (Chapter in Family Communication Theories, pp: 260-275). Sage.

82. Kuppens, S. & Ceulemans, E. (2018) Parenting Styles: A Closer Look at a Well-Known Concept. *Journal of Child and Family Studies, 28* (1), 168-181.

83. Laursen, B., & Collins, W. A. (2004) *Parent-child communication during adolescence.* In A. L. Vangelisti (Ed.), *LEA's communication series. Handbook of family communication* (p. 333–348). Lawrence Erlbaum Associates Publishers.

84. Leary, M. R., & Baumeister, R. F. (2000) The nature and function of self-esteem: Sociometer theory. In M. P. Zanna (Ed.), Advances in experimental social psychology (Vol. 32, pp. 1–62). San Diego: Academic.

85. Lightfoot, C., Cole, M., & Cole, S. (2009) *The Development of Children*. Worth.

86. Liu, S., & Zhang, L. (2016) Sociometer Theory. Encyclopedia of Evolutionary Psychological Science. Doi 10.1007/978-3-319-16999-6_1447-1.

87. Lu, H., Li, X., Wang, Y., Song, Y., & Liu, J. (2018) The Hippocampus Underlies the Association Between Self-Esteem and Physical Health. *Scientific Reports, 8,* 1-6.

88. MacKinnon, N. J. (2015) Self-Esteem and Beyond. Dalgrave Macmillan UK.

89. Martinez, I. & Garcia, J.F. (2007) Impact of Parenting Styles on Adolescents Self-Esteem and Internalization of Values in Spain. *The Spanish Journal of Psychology, 10* (2), 338-348.

90. Maslow, A. H. (1943) A theory of human motivation. *Psychological Review, 50*(4), 370–396.

91. McLeod, S. A. (2008) Erik Erikson | Psychosocial Stages. Simply Psychology. Преземено на 22.02.2021 http://www.simplypsychology.org/Erik-Erikson.html.

92. McLeod, S. A. (2014) Bobo Doll Experiment. Simply Psychology. Преземено на 03.03.2021 https://www.simplypsychology.org/bobo-doll.html.

93. Mendelson., M., Mendelson, B. K., & Andrews, J. (2000) Self-Esteem, Body Esteem, and Body-Mass in Late Adolescence: Is a Competence x Importance Model Needed? *Journal of Applies Developmental Psychology, 21* (3), 249-266.

94. Moss, E., & St.-Laurent, D. (2001) Attachment at school age and academic performance. *Developmental Psychology, 37*, 863–874.

95. Moss, E., St.-Laurent, D., Dubois-Comtois, K., & Cyr, C. (2005) Quality of attachment at school age: Relations between child attachment behavior, psychosocial functioning, and school performance. In K. A. Kerns & R. A. Richardson (Eds.), Attachment in middle childhood (pp. 189–211). New York: Guilford Press.

96. Murphy, C. M., Stosny, S. and Morrel, T. M. (2005) Change in self-esteem and physical aggression during treatment for partner violent men. *Journal of Family Violence, 20*, 201-210.

97. Neff, K. D. (2011) Self-compassion, self-esteem, and well-being. *Social and Personality Psychology Compass, 5*(1), 1–12.

98. O'Connor, E., & McCartney, K. (2007) Attachment and cognitive skills: An investigation of mediating mechanisms. *Journal Of Applied Developmental Psychology, 28(5-6),* 458-476.

99. Orenstein, G. A., Lewis, L. (Updated 2020 Nov 22). *Eriksons Stages of Psychosocial Development.* StatPearls Publishing. Retrieved from: https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK556096/.

100. Orth, U. and Robins, R. W. (2013) Understanding the link between low selfesteem and depression. *Current Directions in Psychological Science, 22*, 455-460.

101. Orth, U., & Robins, R.W. (2014) The Development of Self Esteem. *Sage, 23(5*), 381-387.

102. Piaget, J. (1972) *The Psychology of Intelligence*. Totowa, NJ: Littlefield.

103. Pinquart, M., Feußner, C., & Ahnert, L. (2013) Meta-analytic evidence for stability in attachments from infancy to early adulthood. *Attachment & Human Development, 15(2),* 189-218.

104. Piorkowska-Petrovic, K. (1990) *Dete u nepotpunoj porodici*. Institut za pedagoška istraživanja.

105. Pomerantz, E. M., & Thompson, R. A. (2008) *Parents' role in children's personality development.* In O. P. John, R. W. Robins, & L. A. Pervin (Eds.), Handbook of personality (pp. 351–374). New York, NY: Guilford Press.

106. Pyszczynski, T., Greenberg, J., & Solomon, S. (1990) *Terror Management of Self Esteem*. Handbook of Social and Clinical Psychology: the Health Perspective (Chapter 2).

107. Pyszczynski, T., Greenberg, J., & Solomonn, S. (1991) The *Causes and Consequences of a Need for Self Esteem: A Terror Management Theory*. Advances of Experimental Social Psychology (Chapter 10). DOI: 10.1016/S0065-2601(08)60328-7.

108. Pyszczynski, T., Greenberg, J., & Solomon, S. (1997) Terror Management Theory of Self Esteem and Cultural Worldviews: Empirical Assessments and Conceptual Refinements. *Advances in Experimental Social Psychology, 29*, 61-139.

109. Reasoner, R. (2005) The true meaning of self-esteem. From: The International Council for self-esteem.

110. Research History. Maslow's Hierarchy of Needs. Преземено на 05.02.2021 https://www.researchhistory.org/2012/06/16/maslows-hierarchy-of-needs/.

111. Rholes, W. S., & Simpson, J. A. (2004) *Attachment Theory: Basic Concepts and Contemporary Questions.* In W. S. Rholes & J. A. Simpson (Eds.), *Adult attachment: Theory, research, and clinical implications* (p. 3–14). Guilford Publications.

112. Roberts, B. W., Orth, U., Robins, R. (2008) Low Self Esteem Prospectively Predicts Depression in Adolescence and Young Adulthood. *Journal of Personality and Social Psychology, 95 (3),* 695-708.

113. Robinson, C.C., Mandleco, B., Olsen, S.F., & Hart, C.H. (1995). Athoritative, Authoritarian, and Permissive Parenting Practices: Development of a New Measure. *Psychological Reports, 77* (3), 819-830.

114. Rosenberg, M. (1965) *Society and the adolescent self-image*. Princeton, NJ: Princeton University Press.

115. Sander, J. B. and McCarty, C. A. (2005) Youth depression in the family context: Familial risk factors and models of treatment. Clinical *Child and Family Psychology Review, 8,* 203-219.

116. Santrock, J.W. (2008) *A Topical Approach to Life Span Development*. New York: McGraw-Hill.

117. Schmidt, J., & Padilla, B. (2003) Self-Esteem and Family Challenge: An Investigation of Their Effect on Achievement. *Journal of Youth and Adolescence, 32* (1), 37-46.

118. Scott, S., Riskman, J., Woolgar, M., Humayun, S., & O'Connor, T.G. (2011) Attachment in adolescence: Overlap with parenting and unique prediction of behavioural adjustment. *Journal of Child Psychiatry and Psychology, 52,* 1052 – 1062.

119. Sedikides, C., & Gress, A. P. (2003) *Portraits of the self*. In M. A. Hogg & J. Cooper (Eds.), Sage Handbook of social psychology (pp. 110-138). London, United Kingdom: Sage.

120. Seibert, A. C., & Kerns, K. A. (2009) Attachment figures in middle childhood. *International Journal of Behavioral Development, 33,* 347 – 355.

121. Shahar, G., & Davidson, L. (2003) Depressive symptoms erode selfesteem in severe mental illness: A three-wave, cross-lagged study. *Journal of Consulting and Clinical Psychology, 71,* 890 –900.

122. Sharma, S. and Agarwala, S. (2015) Self-esteem and collective self-esteem among adolescents: An interventional approach. *Psychological Thought, 8,* 105-113.

123. Shibata, R., Nemoto, Y., Matsuzaki, K., Tanaka, D., Kawaguchi, T., Kanda, A., Furusho, J., Okuyama ,M., Iikura, Y. (2003) A study the Kid-KINDL question for measuring quality of life in elementary school in Japan. *J Japan Pedia Soc, 107,* 1514-1520.

124. Shmueli-Goetz, Y., Target, M., Fonagy, P., & Datta, A. (2008) The Child Attachment Interview: A psychometric study of reliability and discriminant validity. *Developmental Psychology, 44(4),* 939-956.

125. Shucksmith, J., Hendry, L. B., & Glendinning, A. (1995) Models of parenting: Implications for adolescent well-being within different types of family contexts. *Journal of Adolescence, 18*(3), 253–270.

126. Silverstone, P. H., Salsali, M. (2003) Low Self-Esteem and Psychiatric Patients: Part I- The Relationship Between Low Self-Esteem and Psychiatric Diagnosis. *Annals of General Hospital Psychiatry, 2* (1). Doi: 10.1186/1475-2832-2-2.

127. Stavropoulos, V., Lazaratou, H., Marini, E., & Dikeos, D. (2015) Low Family Satisfaction and Depression in Adolescence : The Role of Self-Esteem. *Australian Journal of Educational and Developmental Psychology, 5* (2), 109-118.

128. Steinberg, L., Lamborn, S. D., Dornbusch, S. M. & Darling, N. (1992) Impact of Parenting Practices on Adolescent Achievement: Authoritative Parenting, School Involvement, and Encouragement to Succeed. *Child Development, 63*, 1266-1281.

129. Swann, W. B., Griffin, J. J., Predmore, S. C., & Gaines, B. (1987) The cognitive–affective crossfire: When self-consistency confronts self-enhancement. *Journal of Personality and Social Psychology, 52*(5), 881–889.

130. Talpur, H. & Lakho, H.A. (2018) Piaget's Concrete Operation Stage. Slide Share. Преземено на 25.03.2021 https://www.slideshare.net/GECEBADIN/piagets-concrete-operation-stage.

131. Thompson, R. A., & Meyer, S. (2007) Socialization of Emotion Regulation in the Family (In book: Handbook of Emotion Regulation). New York: Guilford.

132. Thompson, R. A., & Zuroff, D. C. (1999) Development of self-criticism in adolescent girls: Roles of maternal dissatisfaction, maternal coldness, and insecure attachment. *Journal of Youth and Adolescence*, 28, 197– 210.

133. Tripkovic, I., Roje, R., Krnic, S., Nazor, M. and Karin, Z. (2015) Depression and Self-esteem in early adolescence. *Central Europe Journal of Public Health, 23*, 166-169.

134. Todorovic, J. (2004) Vaspitni stilovi u porodici i stabilnost samopostovanja adolescenata. *Psihologija, 2*, 183-193.

135. Trzesniewski, K. H., Donnellan, M. B., Robins, R. W., Moffitt, T. E., & Caspi, A. (2002) Do juvenile delinquents have high or low self-esteem? Paper presented at the annual meeting of the Society for Personality and Social Psychology, Savannah, GA.

136. Trzesniewski, K., Donnellan, M. B., Robins, R., Moffitt, T. E., Poulton, R., & Caspi, A. (2006) Low Self-Esteem During Adolescence Predicts Poor Health, Criminal Behavior, and Limited Economic Prospects During Adulthood. *Developmental Psychology, 42* (2), 381-390.

137. Van der Pas, A. (2003) *A serious case of neglect*. The parental experience of child rearing. Delft: Eburon Academic Publishers.

138. Verschueren, K., & Marcoen, A. (2005) Perceived security of attachment to mother and father: Developmental differences and relations to self-worth and peer relationships at school. In K. A. Kerns & R. A. Richardson (Eds.), Attachment in middle childhood (pp. 212– 230). New York: Guilford Press.

139. Wang, Y. and Ollendick, T. H. (2001) A cross-cultural and developmental analysis of self-esteem in Chinese and Western children. *Clinical Child and Family Psychology Review*, *4*, 253-271.

140. Wang, Y., Kong, X., Zhang, L., & Hong, Y.Y. (2016) Pathways to Neural Resilience: Self-Esteem Buffers Against Deterious Effects of Poverty on the Hippocampus. *Human Brain Mapping*, *37* (11), 3757-3766.

141. Weber, A. D. (2001) Influence of Family Environment on Self-Esteem and Hostility. Honors theses. Southern Ilinois University at Carbondale.

142. Whitbeck, L. B., Hoyt, D. R., Simons, R. L., Conger, R. D., Elder, G. H., Jr., Lorenz, F. O., & Huck, S. (1992) Intergenerational continuity of parental rejection and depressed affect. *Journal of Personality and Social Psychology, 63*(6), 1036–1045.

143. William, C. (2011) Theories of Development: Concepts and Applications (6th ed.). New Jearsey: Pearson Education.

144. Williams, L. R., Degnan, K. A., Perez-Edgar, K. E., Henderson, H. A., Rubin, K. H., Pine, D.S., Steinberg, L., & Fox, N. A. (2009) Impact of Behavional Inhbition and Parenting Style on Internalizing and Externalizing Problems From Early Childhood Through Adolescence. *Journal of Abnormal Child Psychology*, *37,* 1063-1075.

145. Xie, S. & Li, H. (2017) Tiger Mom, Panda Dad': a Study of Contemporary Chinese Parenting Profiles. Превземено на 14.03.2021. https://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/03004430.2017.1318870.

146. Yang, F., & Liang, N. (2008) A study on the influence of early experiences on adolescents' implicit selfesteem. *Psychological Science, 31*(3), 556-561.

147. Yang, W., & Zhou, W. (2008) What accounts for Chinese-American children's high academic performance: A literature review of parental influences and home environment. *Gifted Education International, 24(*1), 88-104. Retrieved from https://bit.ly/2YEcnUM.

148. Zakeri, H., & Karimpour, M. (2011) Parenting Styles and Self-Esteem. *Procedia Social and Behavioral Sciences, 29*, 258-761.

ПРИЛОЗИ

Прилог А: VS - Скала на родителски стилови

Пред вас се наоѓа опис на различни воспитни стилови. Прочитајте го внимателно секој опис и на скала од 1 до 5 и означи според твое мислење, кој опис одговара на начинот на воспитувањето на твојот татко и твојата мајка.

Броевите го имаат следново значење:

1- Воопшто не се согласувам
2- Воглавно не се согласувам
3- Неодлунен сум
4- Воглавно се согласувам
5- Потполно се согласувам

		Татко	Мајка
1.	Ретко нешто ми забрануваат.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
2.	Често зборува дека не е задоволен со моето однесување.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
3.	Кон мене се однесува љубезно.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
4.	Не бара од мене строго да се придржувам на правила кои кои се вообичаени во нашето семејство.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
5.	Често го наградува моето однесување.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
6.	Ми се меша во изборот на пријателите.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
7.	Често ми префрла дека поради мене многу се жртвувал.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
8.	Води сметка и за моите особини и за околностите, а не само за своите правила кога ги проценува моите постапки.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
9.	Постојано ме контролира поради страв да не го застрамам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
10.	Колку сум постар, сè повеќе ми дозволува самостојност во донесување на одлуките.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

11.	Се однесува кон мене незаинтересирано.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
12.	Не ми дозволува да го доведам во прашање неговото мислење.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
13.	Ме прифаќа онаков каков што сум.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
14.	Кога ќе ја прекршам забраната, обично ме казнува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
15.	Ме поттикнува што поскоро да станам свој човек.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
16.	Бара од мене строго да се придржувам на правилата.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
17.	Малку зборува со мене.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
18.	Ме опкружува со топлина и доверба.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
19.	Сака да ги знае и моите наискривени мисли.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
20.	Кога сум во незгода, можам да се потпрам на него.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
21.	Моето мислење за него не е важно.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
22.	Не ми поставува премногу крути барања.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
23.	Знае и физички да ме казни.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
24.	Во секој момент мора да знае каде сум.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
25.	Кога кон мене се однесува на одреден начин, ми објаснува поради што се однесува така.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
26.	Често имам впечаток дека моите проблеми не го интересираат нешто посебно.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
27.	Ми дава чувство на сигурност.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
28.	Знае да биде толерантен и кон моите грешки.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
29	Ми дава многу љубов.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
30.	Правилата и забраните ги става на прво место.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
31.	Ми дозволува сам да одлучам како ќе се однесувам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

32.	Ме попречува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
33.	Кога нешто ќе погрешам, обично наоѓа оправдање за моето однесување.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
34.	Често ми помага со некои добри совети.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
35	Ретко ми дава пофалби.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
36.	И кога моето мислење е спротивно на неговото, слободно можам да го искажам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
37.	Се однесува кон мене претежно одбивно и раздразливо.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
38.	Не поставува многу правила на кои морам да се придржувам.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
39.	Моите постапки ги вреднува, пред сè во однос на тоа дали се во согласност со правилата.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
40	Кон мене обично е ладен и дистанциран.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
41.	Ретко ме казнува.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
42.	Ретко ми објаснува зашто се однесува на одреден начин.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
43.	Ме прифаќа и кога сум во нешто неуспешен.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5
44.	Ми наметнува многу правила и забрани.	1 2 3 4 5	1 2 3 4 5

Прилог Б**: Розенбергова скала на самодоверба**

Инструкции:

Пред вас се наоѓа листа на искази кои ги опишуваат вашите генерални чувства. Ве молам да заокружите кој исказ најмногу одговара на вашиот карактер:

1. **Генерално, јас сум задоволен/на со себеси**.

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

2. **Од време на време мислам дека воопшто не сум добар/добра**.

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

3. **Мислам дека имам низа добри квалитети.**

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

4. **Способен/а сум да ги извршувам работите еднакво добро како и повеќето други луѓе.**

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

5. **Мислам дека немам на што да бидам горд/а.**

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

6. **Повремено се чувствувам бескорисен/а.**

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

7. **Мислам дека сум личност која вреди, барем вредам еднакво како и повеќето други луѓе.**

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

8. Посакувам да имав повеќе почит према себеси.

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

9. Сè на сè, јас сум склон/а кон неуспеси.

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам

10. Имам позитивно размислување за себеси.

Потполно се согласувам Се согласувам Не се согласувам Воопшто не се согласувам